СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 април 1996 година

Скопје, април 1996 година

**44-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 25.04.1996 г.**

Дневен ред на стр.13

1. АНДОВ СТОЈАН - 30, 32
2. АБДИ ФАИК - 44, 48
3. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ – 38, 40
4. БОЈКОВ ИВАН - 66
5. ЖУТА БЕЌИР - 11
6. ИВАНОВ ЉУБИСАВ - 48
7. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 2, 5
8. КАРОВ ЗВОНКО - 43
9. КАДРИУ ЗЕЌИР -74
10. МИТРЕВА ИЛИНКА - 52
11. МАЉИЧИ НАЗМИ - 80
12. МИХАЈЛОВСКИ БРАНИРОД - 81
13. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 5
14. НАУМОВСКИ ВАНЕ - 86
15. ОСМАНИ РУФИ - 54, 56
16. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1, 7, 8
17. ПРУСИ АБДУРАУФ - 13
18. РАМАДАНИ ХИСНИ - 25
19. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 61
20. РУЖИН НАНО - 76
21. РАМАДАНИ САЛИ - 87, 88, 100
22. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 4, 6
23. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 68
24. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 10, 11
25. ТУДА РАМИ - 12
26. ФРЧКОВСКИ ЛУБОМИР - 95
27. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 20, 24
28. ШАЌИРИ ХИСНИ - 17

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од 44-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 април 1996 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петков- ски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-да пратеници, ја отворам 44-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љупчо Беличев, Александар Гештаковски, Љубомир Чадиковски, Никола Г. Поповски, Амди Бајрам и Зоран Крстевски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се и Претседателот на Републиката Киро Глигоров, и претседателот и члeновите на Владата на Република Македонија.

Владата на РМ достави предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон и Предлог на донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование, со Предлог на закон. Предлага тие да бидат разгледани на оваа седница.

I/2.- РД/ЉР

Предлозите на актите ви се доставени.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (51)

Дали има некој против? (4)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за прашна на изборите и именувањата предлага дневниот ред за денешнава седница да се дополни со Предлог - одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија и Предлог одлуката за разрешување и именување член за Управниот одбор на Јавната здравствена организација социјална болница за ортопедија и трауматологија - Охрид.

Предлозите на одлуките Ви се поделени.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, во име на Пратеничката група на Либералната партија предлагам Предлогот на Комисијата за избор и именување за уврстување во дневниот ред на Предлог одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Комисиите на Собранието на Република Македонија да не се прифаќа од следниве причини.

Прво, не можеме да сфатиме од каде произлегува итноста на ваков начин да се уврсти во дневниот ред оваа точка, посебно ако се има предвид фактот дека претседателот на Комисијата за избор и именувања во 9,00 часот утрово има дадено налог на Стручните служби да закажат комисија во 9,30 часот, што значи добар дел од членовите на Комисијата,

со исклучок на претставниците на Демократскиот сојуз, затоа што тие од синоќа се известени, затоа што бил донесен политички став на нивната пратеничка група да се закажа комисија, беа присутни на седницата на Комисијата. Ваквиот чин сметаме дека е невообичаен, не само за парламентарната пракса во нашата земја, туку и за парламентарната пракса во парламентарните држави со традиција, затоа што едноставно се сомневаме во вистинските мотиви поради кои се инсистира на ваков скратен начин да се изврши измени во составите на одредени комисии. Дали може би при- чините не се кријат во потребата по итна постапка да се отпочне со процес на измени и дополнување на Уставот на РМ, што мислам дека би било многу лошо, ако се мисли на тоа. Или пак, е во прашање потребата да се направат одредени неубави работи во процесот на проверувањето на потписите од 220-те илјади граѓани кои ја поднесоа иницијативата за предвремени парламентарни избори во РМ.

Доколку нашиот став не биде прифатен, односно мнозинствотс одлучи на денешната седница да биде уврстена во дневниот ред оваа одлука, пратеничката група на Либералната партија накнадно ќе ги соопшти своите постапки, со евентуално најавување на можноста да ги повлече сите свои претставници во собраниските работни тела. Или, предлагаме можност, доколку сметате дек е толку важно да се расправа денес за оваа материја, во овој момент да се прекине седницата, да се свика итна седница на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата, за да се најде заеднички јазик за сите овие прашања кои се предвидени да бидат во дневниот ред на денешната седница.

I/4.-

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, за среќа ниедна од причините кои беа наведени овде не се во прашање, во прашање е објективната потреба која е јавена и во прашање е ажурноста со која треба да работи овој парламент. Јас морам да кажам дека уште на 12 март 1996 година е дојден Допис до Комисијата за избори и именувања каде се бара дека во Уставната комисија со оглед на некои настанати фактички околности, а тоа прво хронолошки поради смртта на потпретседателот на Собранието Киро Поповски, е упразнето неговото место.

Второ, при изборот на еден од Комисијата г-дин Насер Зибери за министер во Владата е упразнето местото. И

Трето, поради самиот факт што претседателот на Комисијата за избор и именување, претседателот на Уставната комисија беше досега и претседател на Собранието, а на таа функција е извршена смена како што знаете. Тие се причините од кои што Комисијата за избор и именувања денеска го доставува овој Предлог овде пред вас. Предлогот е доставен до сите пратеници. Други причини не постојат.

Второ, поради наодите за околностите под која била свикана Комисијата, Ве молам да се има предвид членот 211 од Деловникот за работа на Собранието, каде што вели дека по исклучок може претседателот на Комисијата да ја свика седницава и порано од рокот кој е утврден во тој член, а и тоа дека самиот дневен ред, согласно тој член може да се утврди на самата комисија. Ние ја ценевме итноста поради тоа овој Парламент да работи легитимно и легално со комплетни работни тела, и така постапивме. Сето останато е во доменот на фантазијата. Останува на вас да одлучите овде, предлогот е пред вас.

I/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

По ова не се води расправа, ве молам. Предлагачот има право и обврска да ја образложи потребата од итно донесуваше на оваа одлука.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани дами и господа, Сметам дека по однос на оваа точка претседателот треба да се грижи за спроведување на Деловникот,на работата за Парламентот а и за работата на работните тела кои што се во Собранието. Прашувам, а претседателот би требало да ми одговори зошто како член на Комисијата за избори и именување не сум известен за одржување на седница на денешниот ден. Ова е втор пат што се случува и за претходната седница како член на Комисијата не сум известен за одржување на сеницата на Комисијата. Дали тоа значи дека само поединци ќе се известуваат и само тие ќе одлучуваат за работата на Комисијата.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата рече дека добил известување од претседателот на Собранието уште на 12 март за потребата да е пополнат упразнетите места во Комисијата за уставните прашања, веројатно и во други комисии.

Поставувам прашање, Според членот 211 од Деловникот за работа на Собранието претседателот на Комисијата е должен Комисијата да ја свика најмалку 15 дена пред нејзиното одржување. 12 Март колку е оддалечен од денес на сите ви е јасно. Кои се итностите од потребата да се свика од денес во 9,00 часот за во 9,30часот седница на Комисијата, имајќи го предвид фактот, дека тоа известување претседателот на Комисијата го добил на 12 март.

Второ, Ги потсетувам сите пратеници во овој почитуван Дом дека на најдемократски начин, во времето кога се конституираше овој состав на Парламентот, координаторите на пратеничките групи односно по еден претставник од сите партии застапени во Парламентот на демократски начин заеднички се договараат и одлучуваат за тоа каков ќе биде составот на комисиите, како ќе се делат претседателските места во комисиите и каква ќе биде квалитетната основа која партија со колку пратеници ќе партиципира во комисиите. Ме изненадува фактот што сега тоа не е направено на таков начин, туку е направено на еден недемократски начин, со препад, со свикување на итна седница на Комисијата, без логичка причина тоа да се направи.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Прво е чиста лага дека г-диниот не е поканет на Комисијата. Сите членови се поканети и г-динот што рече дека не е поканет и другиот господин дојдоа во канцеларијата на претседателот на Комисијата,после завршувањето на седницата на Комисијата, со оправдување дека имале парламентарна група. Тоа е факт. Инаку сите се поканети. Поканет е и третиот член од Либералната партија, сосема нормално, за кое имаме известување дека е на пат во Романија со претседателот Киро Глигоров, г-динот Зоран Крстевски, а како заменик ген. директор на Макпетрол. Исто така поканети се и другите членови, кои сите присуствуваа на седница, освен членот од парламент- арната група на Социјалистичката партија кој не извести од Кратово односно не извести неговата секретарка дека во закажаното време не може да дојде на седница. Тоа е знак дека и тој бил поканет. Останатите 9 членови беа присутни сите на Комисија од сите пратенички групи и Предлогот е донесен едногласно. Тоа е околу таа манипулација.

Точно е дека Предлогот има само една објективна околност овде која е веројатно е спорна овде и која веројатно вон деловнички треба да ја расчистиме. Вистина е дека со Предлогот на измена на претседател на Комисијата за уставни прашања се нарушува балансот кој е договорен на почетокот на овој Парламент со оглед на партиципација на пратениците во Парламентот за поделба на претседателските места на работните тела и вистина е дека стои отворено прашањето за тоа дела Либералната партија во договор со парламентарните групи други се договори и на таков начин се постигна еден баланс. Ако се опстои на тој договор нормално од почеток, што не е во надлежност на Комисијата е во надлежниот на шефовите на парламентарните групи. Факт е и тоа дека Либералната партија ја знаеше оваа околност, но поради отсуство на координаторот на Пратеничката група на Либералната партија за извесен период од политичкиот живот на Републиката ова прашање не го покрена, колку што сум јас известен, ниту имаше објективна можност тоа да го направи, веројатно немала ни можност тоа да го направи ни телефонски. Останува тоа прашање отворено, кое треба во договор со парламентарните групи да се разреши. Така што ништо не е спорно во овој предлог од таа страна.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Објавувам пауза, со молба Комисијата веднаш да заседава и да не извести по завршувањето на седницата.

(По паузата)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Комисијата за прашања на изборите и именувањата го повлекува Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија, од оваа седница истиот да биде разгледан на првата наредна седница на Собранието.

Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата за дополнување на дневниот ред на оваа седница, со Предлог на одлука за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната здравствена организација Специјална болница за ортопедија и трауматологија - Охрид, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

58 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?

20 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот Дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за регулирање на односите и за унапредување на соработката меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија, со Предлог на закон;

2. Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот помеѓу Република Македонија и Република Словенија за меѓународен патен превоз на патници и стока, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот помеѓу Република Македонија и Република Словенија за меѓусебно извршување на судските одлуки во кривичните предмети, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот помеѓу Република Македонија и Република Словенија за правна помош во граѓанските и кривичните предмети, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот помеѓу Република Македонија и Република Словенија за предавање на лица, со Предлог на закон;

б. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за основното образование, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување закон за изменување на Законот за средното образование, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование, со Предлог на закон;

10. Предлози за определување бројот на судии поротници во апелационите и основните судови;

11. Предлог на одлука за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната здравствена организација Специјална болница за ортопедија и трауматологија - Охрид.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред?

За збор се јави господинот Вељо Тантаров.

II/3.-

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, во рамките на дневниот ред за оваа седница на Собранието на Република Македонија предлагам Владата на Република Македонија да поднесе две информации. Тоа може денес, но ако тоа не може денес може да биде за на- редната седница.

Првата информација се однесува за спроведување на некои прописи од областа на материјалното обезбедување на борците земјоделци што примаат старински пензии во нашава држава.

Втората информација е за исплатата на тутунот од минато-годишната реколта.

Во врска со барањето за поднесување на информација за спроведувањето на некои прописи од областа на материјалното обезбедување на борците земјоделци сакав да кажам дека и покрај тоа што пред десетина дена ние донесовме еден Закон за измена и дополнување на Законот за материјално обезбедување на учесниците во НОВ, овој закон во праксата не се спроведува, односно и покрај тоа што донесовме закон на овие земјоделци борци, што примаат минимални старечки пензии земјоделски и понатаму им се доставуваат решенија да плаќаат здравствено осигурување. Како што е познато оваа давачка изнесува некаде околу половината од годишната пензија.

Втората информација што се однесува за исплатата на тутунот од минатогодишната реколта имам сознание дека оваа исплата тешко се одвива во праксата и мислам дека Владата ќе мора да каже кога и на кој начин ќе се плаќа тутунот од оваа реколта.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, претставник на Влада во врска со овие предлози.

II/4.-

Господин Беќир Жута, претставник на Владата.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во врска со првото прашање, за остварување на правата на учесниците воени кои живеат на село, информацијата ќе ја спреми Владата и таа информација ќе биде предмет на информирање на пратениците на Собранието на Република Македонија.

Во врска со второто прашање јас би предложил на пратеникот Тантаров ќе му дадеме информација за ликвидираните обврски во врска со откупот на тутунот во 1995 година и да не измислуваме проблем дека не е реализиран и непотребно да отвораме расправа.

До колку тој не е задоволен со таа информација, која ќе му ја презентираме со фактичката состојба, тогаш можеме да разговараме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, јас не сакам информација само за мене до каде е со исплатата на тутунот, туку барам да биде информирано Собранието. За ваша информација тутунот се уште не е платен, тутунџиите немаат земено ниту скршена пара за минатогодишното производство на тутунот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, за тоа не водиме расправа. Во секој случај господин Тантаров ќе ја остави можноста за наредната седница или за некоја од наредните седници да се поднесат вакви информации од Владата.

Господин Туда.

**РАМИ ТУДА:**

Почитуван претседателе,"почитувани пратеници, во името на парламентарната група на ПДП-А и НДП предлагам да се симне првата точка на дневниот ред. Значи, тоа е Предлог за донесување закон за ратификација на Спогодбата за регулирање на односите и за унапредување на соработката меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија, со Предлог на закон.

Меѓународните договори врз меѓународните правни норми и меѓународното јавно право се случуваат помеѓу легитимни правни субјекти, т.е. меѓу познатите и признати држави, а не меѓу една фиктивна самопрокламирана окупаторска и агресорска држава и тн., од една страна и од друга страна со такво непознато име во меѓународната јавност, од друга страна.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на Рами Туда, молам да крене рака.

6 пратеници гласа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Дали некој друг бара збор? (Не).

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

73 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

6 пратеници гласаа против.

Дали е некој воздржан од гласање? (Не) .

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Со оглед на тоа што до почетокот на седницата не се добиени одговори на порано поставените пратенички прашања, што е услов за поставување на дополнителни прашања, предлагам поставувањето на

пратеничките прашања да се одложи за наредната седница на Собранието, кога Владата ќе достави одговори на поставените прашања од претходната седница.

Минуваме на **точка 1** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за регулирање на односите и за унапредување на соработката меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Господин Пруси.

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, ратификации на спогодби помеѓу Република Македонија и други земји, барем досега не побудуваа поголем интерес во Парламентот и јавноста. Освен што неколку пати од оваа говорница е укажано на недостигот на договори со Република Албанија во неколку сегменти преку кои би се унапредила соработката во сите подрачја од заемен интерес за двете земји. Сите договори што Република Македонија ги склучуваше со другите земји беа дочекани како позитивни, не само од аспект на јакнењето на позицијата на нашата Република во светот, туку и за нејзиниот иден, севкупен развиток.

Потпишаната Спогодба поемѓу министерот Љубомир Фрчковски и властите во Белград за регулирање на односите и за унапредување на соработката помеѓу двете земји, барем кај поголемиот дел на граѓаните во Република Македонија беше дочекана со голема скепса, поради тоа што Република Македонија со оваа спогодба непотребно се става во

II/7.-

многу подредена положба. Прво, преку член 4, со признавањето на државниот континуитет на СР Југославија, Македонија самата се става во положба на држава која со сецесија е издвоена од Социјалистичка Федеративна Република Југославија, што е во спротивност со сите наши настојувања една таква состојба Република Македонија не може да прифати и што сето тоа е во спротивност со заклучоците на Бадинтеровата комисија дека Социјалистичка Федеративна Република Југославија како држава не постои. Импликација на сето тоа е неможноста за побарувања по основ на сукцесија од поранешната СФРЈ, што е и став 3 на овој член уште повеќе го потврдува истото. Тоа значи дека страните ќе се спогодат само во случај и двете страни да покажат интерес. Но, длабоко сум уверен дека сегашните власти во Белград никогаш нема да покажат таков интерес и никогаш нема да седнат на преговарачка маса за едно такво нерешено прашање.

Ставот 2 од членот 4, исто така, остава големи дилеми околу тоа дали властите во Белград го признаваат државниот континуитет на Република Македонија како посебна држава или само во рамки на некаква Југославија. Бидејќи Република Македонија е независна држава е од Заседанието на АСНОМ. Се подразбира, со своја волја во рамките на Федерацијата на СФРЈ.

Терминот "почитување" кој што стои овде не обврзува, бидејќи едно е да се почитува нешто, а друго е да се признава истото. Исто така, Република Македонија со оваа спогодба свесно признава дека постојат отворени прашања со сегашната граница на раздвојување помеѓу двете држави. Дека оваа граница не е конечна и дека истата треба да се ревидира. И на секој паметен човек во оваа држава јасно му е кој може да губи, а кој може да добие ако дојде до евентуално ревидирање на оваа граница.

II/8.-

Признавањето на државниот континуитет на двете држави од бившата СФРЈ, односно Србија и Црна Гора, како наследници на таа бивша држава СФРЈ, освен негативните импликации по државноста на нашата Република, создаде големо незадоволство кај албанската популација, која што живее во Република Македонија и јасно, имајќи ја предвид бројноста на оваа популација, сигурно дека потпишувањето на еден ваков договор со сите претходни забелешки мораше да го вклучи и проблемот на Косово како бивш конститутивен елемент на поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија. За жал, со овој договор Република Македонија во потполност ја игнорира волјата на два милиони Албанци од Косово.

При потпишувањето на ваква спогодба се наметнуваат и некои други дилеми и прашања. Дали воопшто требаше да се потпише спогодба со луѓе на власт кои се одговорни за сите срамотии кои што се случија во просторите на бившата СФРЈ како резултат на мегаломанските настојувања на тие власти да ја создадат Голема Србија. Дали треба да се склучи спогодба со власти, кои при повлекување на војската од Македонија просто ја ограбија Републиката од се што беше создадено 4 5 години со средствата на сите граѓани. Со оние кои што ја држеа оваа Република под највисок психолошки притисок преку закана за тотален геноцид. Со оние кои што ни воведоа разни економски и други ембарга се со цел за казнување на граѓаните на оваа Република само поради тоа што ја искажаа својата волја за осамостојување. Дали треба да се склучи спогодба со власти кои со сила ја одзедоа економијата на Косово и Војводина како конститутивни елементи на бившата СФРЈ и воведоа барем во Косово политички и воен терор од највисок степен. Власти кои што таму секојдневно убиваа деца, жени, млади луѓе и стари. Дали треба да се склучи спогодба со оние кои во самата Србија ги потиснуваат сите демократски движења. Тие што се

одговорни што најголемиот дел на српската интелигенција просто биде истерана од својата земја и спасот го најде надвор од татковината. Дали треба да се склучи договор со луѓе по мое мислење одговорни за најголемите воени злосторства во историјата на овие простори, како што е случајот во Босна. Зарем можат да се заборават етничките чистки со палења на куќи и масовни гробници. Невиденииот вандализам, силувања со вандалски изживувања, парчосани тела по пазарите и плоштадите на Сараево. Реката на бездомни стари, жени и деца, кои го поплавија светот.

Јасно, имајќи го предвид горенаведеното, совеста не ми дозволува да ја поддржам оваа спогодба и ќе гласам против оваа спогодба.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Шаќири има збор.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Господа пратеници, господине претседателе, со склучување на Спогодбата за регулирање на односите на унапредување на соработка меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија на 8 април 1996 година во Белград фактички со овој акт двете држави се согласиле политиката на сила и идејата за создавање голема српска држава да биде и понатаму присутна во овие региони. Оттука се поставува прашањето од каде произлегува констатацијата на Владата на Република Македонија дека Спогодбата претставува историски акт кон стабилизирање на вкупните состојби во регионот. И дали е логично се поставува прашање во овие констелации на односите во овие простори да се дава една таква оценка за Балканот како пацифична зона во иднина, зона каде се надминати сите несогласувања со актот на меѓусебното признавање на Белград и Скопје. Овие изјави дадени од страна на поедини политичари во суштина претставуваат несериозно однесување на политичките фактори кон надворешната политика на Република Македонија, бидејќи без решавање на Косовскиот проблем и целокупното албанско прашање не може да се обезбеди мир во овој регион. Според оценките на поедини политичари во врска со значењето на Спогодбата произлегува дека клучните фактори за стабилноста во овој регион се само Македонците и Србите. Но, познавачите на балканското прашање не мислат така и вие треба да се согласите со една вистина дека кризата во Бивша Југославија почна во Косово со албанското прашање и ќе заврши со решавање на овој проблем. Основната интенција на меѓународните фактори беше за да се зачува мирот и стабилноста и сите проблеми кои настанале по распадот на Југославија да се разрешат по мирен пат со демократски средства без употреба на сила. Овој беше првиот апел во почетокот на кризата во

III/2.-

тлото на бившата СФРЈ. Но, за жал сите иницијативи од таков карактер беа отфрлени. Позитивниот пристап на повеќе владини и невладини светски организации не успеаја да и стават крај на балканската трагедија. Со Дејтонскиот договор се реши само еден од кризните жаришта и со овој договор се прават сите напори да се стави крај на човечката трагедија во северозападниот дел на Балканот. Но, јужниот конфликт остана и понатаму отворен се додека не се реши Косовскиот проблем. Но да напоменам во конкретниот случај Спогодбата која резултира на самиот чин на признавање меѓу Белград и Скопје нема да го постигне политичкиот ефект на што планирале западните земји. Секоја идеја која има за цел да го спречи конфликтот во овој регион со признавање на Милошевиќева Југославија претставува во суштина уште еден политички преседан и пораз на сите оние европски и светски дипломатии пред српската агресивна политика. Идејата што се експлоатира во последно време од многу меѓународни организми за да се надмине балканската криза со признавање на СРЈ дефакто во суштина оваа политика претставува наградување на досегашниот агресор на Балканот. Господа од Владата, со предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за регулирање на односите со СРЈ вие му правите една добра услуга на Слободан Милошевиќ и на неговата агресивна политика и вие со овој акт ги охрабрувате мрачните сили и нивните лидери чии апетити се познати кои имаат освојувачки карактер на туѓи територии и создавање услови за враќање на Балканот пред Втората светска војна, тоа значи Кралска Југославија Сите овие политички движења кои се прават не потсетуваат на историското минато. Тоа значи формирање на сојузи и распарчување на албанските територии. Ова не е првото политичко групирање во овој регион, вакви сојузи ние имавме од балканските војни па до создавање на Федеративна Народна Република Југославија по Втората светска војна.

III/3.-

Бидејќи актот на признавање е заснован врз историски факт на СРЈ, Република Македонија им го признава континуитетот од 1918 година кога Македонија се наоѓаше под српскиот суверенитет со име Вардарска Бановина. Со овој факт се признава и територијалниот простор под која окупација беше и Република Македонија. Тргнувајќи од фактот што СРЈ не е наследник на СФРЈ и не е призната од многу држави како нова држава, мене ме изненадува ставот на Владата на Република Македонија како смеел да се впушти на таквите историски факти кои во суштина претставуваат и негирање на Република Македонија и на самиот македонски народ.

Господа, државите кои имаат вакво историско наследство немаат потреба за признавање. Признавање е акт, или процедура кое важи за новоформираните држави. И СРЈ со статус на новата држава е принудена да побара од меѓународниот фактор признавање. Толку од овие причини, не би требало да се признае континуитетот на СРЈ од 1918 година. Образложение од страна на Министерството за внатрешни работи дека Србија и Црна Гора беа признати како држави од политички аспект е неодржлив бидејќи со формирање на првата Југославија и Србија и Црна Гора го изгубиле историското право да се повикаат на таквото историско наследство. Но, кај мене постои дилема зошто Владата го направи овој гест што не е случајно, но позади овој политички акт по се изгледа се крие нешто. Се крие она што е најтрагично за Балканот шовинистичката политика на Белград во врска со Косовскиот проблем. Сите знаеме дека по распаѓањето на СФРЈ се создадени многу држави, меѓу нив и Република Македонија, со референдумот од 8 септември 1991 година и со усвојување на новиот Устав. Врз база на овие два документа Република Македонија почна да функционира како независна држава. Исто така, и Република Косово како федерална единица во состав на поранешна Југославија преку референдум и со

усвојување на сите други документи ја прогласил својата независност. Но Владата на Република Македонија му го признала територијалниот интегритет во сегашната контрола на границата што ја има СРЈ. Значи му го признал и окупаторскиот акт над Косово на Република Србија.

На крај би сакал да завршам со едно обраќање до моите сонародници пратеници Албанци од ПДП. Како се чувствувате вие господо пред овој акт кој има карактер на официјализирање на антиалбанската политика на Белград во Косово од страна на Владата на Република Македонија. Господо ме интересира кој е партискиот став во врска со овој документ каде Владата на Република Македонија како соседна држава и дава поддршка на една политика која има за цел да прави етничко чистење на Република Косово по фашистичката идеологија на првакот на српската политика Слободан Милошевиќ. Господо од ПДП како што знаеме сите политички партии на албанскиот народ во Република Македонија ја признал Република Косово и вие тоа го направивте. Но со овој акт вие како коалиционен партнер доаѓате во една контрадикција со она што досега го искажавте за Република Косово. Овие дилеми не ги искажав поради некој политички маркетинг, но од чисто морално политичка одговорност што ја имам како Албанец во врска со ова доста сериозно прашање. Би сакал од пратениците на ПДП доколку мислат дека можат вака да реплицираат со аргументи и да ми демантираат во врска со овој проблем, нека повелат, јас ќе ги прифатам сите сугестии и забелешки. И на крај да се изјаснам во врска со Спогодбата, јас ќе гласам против.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувани пратеници, почитувани дами и господа, почитувано претседателство, едно предупредување за сите кои ќе излезат на оваа говорница и ќе кажат нешто. Оваа говорница ако не друго бара од сите

нас да имаме етика не само во Парламентот, туку и за пошироката јавност и не смееме да прејудицираме која партија каква позиција ќе има пред да се искажат на говорница.

По првата точка од дневниот ред дозволете и јас накратко да го изнесам своето мислење. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за регулирање на односите и за унапредување на соработката меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија со Предлог на закон. Европската унија го условуваше нашиот северен сосед Србија и Црна Гора која се самонаречува Сојузна Република Југославија со тоа дека нејзиното регулирање на односите со земјите на Унијата неопходно е признавање со Република Македонија и да ги почнува разговорите за решавање на Косовскиот проблем. Тоа се случи на 8 април 1996 година со потпишувањето на Спогодбата за нормализација на односите и за воспоставување на дипломатски односи на амбасадорско ниво. Спогодбата се случи 6 месеци по Дејтонскиот договор за Босна. Веројатно текстот на Спогодбата за нормализација на односите Србија и Црна Гора го имаше подготвено последните три месеци. Тоа се мислеше долго време , таа, на Србија мислам, се мислеше долго време кога и како да пристапи кон потпишувањето одмерувајќи што добива и што губи со тоа. Признавањето на Република Македонија од страна на самонаречена Сојузна Република Југославија го поздравувам како чин на историска правда, додека континуитетот на Република Македонија од АСНОМ па наваму исто така за нас е едно мошне важно решение. Доколку се анализира Спогодбата подлабоко, во неа има конотации што на Република Македонија може да и биде на одмет и тековно и во перспектива од едната страна и во материјален поглед од друга страна.

III/6.-

Прво, Македонија од Европската унија немаше притисок да ја признае Србија и Црна Гора, односно самонаречената Сојузна Република Југославија, туку на оваа последната и беше наметнат став да ја признае Република Македонија со цел да се постигне и зачува мирот и стабилноста во регионот. Ние, не треба да се ставиме во улога на фактор кој на Србија и овозможува да обезбеди државен континуитет на бивша СФРЈ што по мене е спротивно на Резолуцијата 777 од Советот за безбедност во која Србија и Црна Гора не можат автоматски да си продолжуваат членство во меѓународните организации без да поднесат барања како нови држави. Од тие причини Македонија лесно може да се оптужува дека не се придржува кон меѓународните прописи. Државно - правниот континуитет на Бивша Југославија го оспорува и Бадинтеровата комисија. На Србија и на Црна Гора не им е до континуитетот од таа бивша СФРЈ доколку не е во прашање повторната нивна меѓународна верификација и сукцесија. Досега барем нас ни беше познато дека Република Македонија го оспоруваше континуитетот на таканаречена Сојузна Република Југославија. Токму континуитетот и сукцесијата го одлагаше и признавањето на Република Македонија од страна на самата Србија. Треба да признаеме дека на Србија и се во интерес околу 100 милијарди долари, а не дека Србија сака да се идентификува како самонаречена Сојузна Република Југославија кога тоа нам ни е познато и зошто таков континуитет таа сака да ни го наметнува. Србија никогаш низ историјата не се идентификувала со самонаречена Сојузна Република Југославија. Свесни на тоа дека таа Србија е одговорна и за последната трагедија на Балканот, незапамтена трагедија на прагот на XXI век.

Последниот пасус на член 4 од Спогодбата гласи: "Страните се согласни своите меѓусебни побарувања по основа на сукцесијата на поранешна СФРЈ да ги решаваат спогодбено". Меѓународната практика колку што ми е познато не признава држава на која и се признава

континуитетот, па потоа да имало сукцесија. Од самата формулација се добива впечаток дека сукцесијата меѓу Република Македонија и самонаречената Сојузна Република Југославија се ратифицира. Признавањето на континуитетот на Република Македонија од АСНОМ наваму од страна на Република Србија од самонаречената Сојузна Република Југославија изгледа дека е само декларативна за Македонија. И таа секако Македонија може да ја чини многу скапо на тој дел на сукцесијата од над 10 милијарди долари.

Второ, македонската дипломатија со овој акт покажува дека не е застанал да ги штити интересите на сите наследници на бившите конститутивни состави, на Бившата југословенска заедница. Пред се прашувам дали овој чин нема да се одрази пред меѓународната заедница и Европската унија, па и од други земји и заедници на штета на Република Македонија врз другите поранешни југословенски републики вклучувајќи го и Косово како поранешна контитутивна единка на таа федерација. Република Македонија не може да го прифати државно-правниот континуитет на Југославија од 1918 година бидејќи тоа е време кога Македонија и другите земји на Балканот паднаа под окупација на Србија . Тоа на сите нам ни е познато и плановите и очекувањата на Србија. Тоа и вие добро го знаете. Србија сака да стекне старателство на сите конститутивни елементи на Бивша Југославија, а ние Албанците објективно и се спротивставуваме на таквата политика и на таквите претензии ан Србија и на другите држави на Балканот. Имам впечаток дека најмногу треба да биде загрижена Република Македонија чија новостекната независност би била директно загрозена од хегемонистичките амбиции од некои соседи, па вклучувајќи ја и самата самонаречена Сојузна Република Југославија.

IV/1 НК/ПН

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Најдобро го знае со какви можни опасности е поврзан тој континуитет од 1918 година. Што се однесува до став 2 на член 4 од Спогодбата би рекол, дадените формулации се исто така нереални и без перспективи. Цитирам: "Поаѓајќи од фактот дека македонскиот народ во текот на НОБ и на заседанието на АСНОМ реши да ја организира РМ како држава и да се задржи во југословенската федерација", цитатот продолжува а дотука јас го читам и коментирам. Тоа не е точно дека и во III Световна војна и во повоениот развој РМ е само волја на македонскиот народ. Тоа нешто не се поклапа ни со декларациите на АСНОМ, ниту со сите устави што сме ги имале досега ние во РМ, дека тоа не е само израз на волјата на македонскиот народ него и на другите народи што живеат во> РМ. Да ве потсетам само на еден факт. Со Уставот од 19 74 година во РМ ние Албанците бевме конститутивен дел на државата, а тоа нешто со Уставот од 19 91 година се негира таквиот статус на Албанците и тоа во Република Македонија. Тука може да се бараат и причините што истите луѓе соработуваат со една власт која е виновна за последната трагедија на Балканот, власт која насилно ги анексира Црна Гора, Војводина и Косово. Власт која не ги почитува елементарните човекови права, која уште не ги исполнува обврските спрема Хрватска, Босна, Косово и Меѓународниот суд во Хаг, што Меѓународната заедница ја бара од Србија, јас мислам дека Македонија по такви патеки не би дозволила да оди. македонската дипломатија треба да го одбегне впечатокот дека таа не се разликува од српската дипломатија, која за жал на стравотен и циничен начин прави разлика меѓу интересите на својата власт, прави разлика меѓу своите национални

интереси, прави разлика на идеолошки, прави разлика и на верски план. Безусловното признавање на> РМ, меѓународно правниот континуитет на самонаречана Сојузна Република Југославија не може да се именува поинаку него голема отстапка на Република Македонија и не помага за стабилноста и подобрување на односите меѓу земјите на регионот и не може да се смета за добронамерен гест спрема албанците во Република Македонија и пошироко. Фала што бевте внимателни.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ве молам господа пратеници кои учествувате во расправата да го почитувате достоинството на државите со кои заклучуваме спогодби и договори и ве молам да го употребувате името официјално според устав на таа држава.

Г-дин Звонко Каров.

Г-дин Звонко Каров не е тука.

Г-дин Хисен Рамадани има збор.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Вака стега и самиот факт дека само ние Албанците дискутираме за ова и можеби малку ја смалува кондицијата на самите аргументи со кои излагаме, ное еве би сакал и јас нешто да кажам.

Во една од комисиите во која учествував во врска со овој материјал, заради дилемите кои можат да произлезат од некои формулации во самиот договор, прашав и барав по можност до седници на Собранието дали има можност да се излезе со едно интерпретативно

толкување односно анекс во врска со некои одредби од договорот, бидејќи очекував и лично со самите сопствени дилеми и со дилемите во пошироката македонска јавност, односно јавноста во Македонија, но и во поширокото меѓународно јавно мнение. Дилемите се во следното.

Прво, му се извинувам на г-динот претседател, имаме различно доживување за институцијата односно за државата за која станува збор, таа држава со која сега влагаме во овој договор, во меѓународни рамки се уште е непризната држава.

Сега можеме да прибереме и други аргументи, верувам господинот министер е тука, може и други објаснувања да даде, но сакам да кажам следно: таа не е присутна во 00Н, ние не знаме процедура каква ќе биде во врска со неа, дали таа ќе влезе во процедура на нов прием или ќе се смета дека таа состојба, бидејќи таа е некоја наследничка или ќе биде тоа, ќе се продолжи бидејќи мирува тоа место во Обединетите нации. Ние без едно такво толкување за самиот статус на оваа држава, малку влегуваме во ризик што ние, така да кажам нејзиниот континуитет и интегритет и сето друго, пак произлегува дека го признаваме.

Второ прашање е. Зошто меѓународните медијатори пред се Унијата европска инсистираше СРЈ да ја признае Македонија како услов за нејзино пошироко вклучување во меѓународните организации. Што сакаше, требаше објаснување нам да ни се даде Меѓународниот фактот. Да каже се работи за субјект кој е само заради нас уште не е вклучен таму или се работи за собир кој не е уште верифициран меѓу народ, мислам државен субјект. Ние моравме да знаеме или да имаме точен одговор од меѓународните фактори кои што вршеа притисок зад наше признавање од страна на СРЈ, а таа само под таков услов и:го направи

тоа, дали тие со тоа сметаат дека мора да го направи еднострано, или мораме тоа обострано да го направиме, бидејќи моравме да бидеме свесни однапред дека Србија нема да пристане некого да признава ако таа со исто признавање не го врати. Едни низа околности за кои верувам дека некој ќе каже дека сите не се и за така широка јавност, но мислам дека за Собранието беа некој вид објективна потреба за да се потполни нашето сознание и да ја имаме почисто нашата определба. Мислам дека сето тоа останува во дилема и сега јас се мислам во интерес на Македонија каков одраз ова ќе има во меѓународната јавност. Не ми се доволни, за мене лично двата амбасадори што пристигнале во Белград сега од многу значајни држави. Се работи за пошироко гледање од аспект на тоа каков статус таа држава натаму ќе има. Напоредно со ова сакам да дадам и некои олеснувања за некои наши така да кажам оптоварености и особено нас, Албанците, не само Албанците, мислам дека е тоа истовремено и истоветно и со иста мера и за Македонците. Како да се доживее и да се прима формулацијата од член 4 став 1 и 2. Еве да кажам како јас го доживувам и евентуално имам условно викам оправданине за тоа.

Формулацијата гласидека Македонија тргнувајќи од фактот дека Србија и Црна Гора биле држави признати и пред создавање на Југославија, и на првата Југославија. Македонија го признава тој континуитет и фактот дека тие држави сега ја сочинуваат тоа што ја викаат тие Југославија. Меѓутоа тука има едно големо нешто што треба да се подвлече овде, индиректно беше кажано. Тоа не значи дека Македонија го признава континуитетот на Кралевина Југославија, бидејќи сета наша историографија е дека е таа окупаторска земја. Тој

континуитет не може да се признае. Тогаш сиот историографски процес односно цела историја треба да се криво прикаже.

Друго, од бивша - СФРЈ се создадоа веќе други држави, нови држави, меѓу кои и ние и таа не може да го носи континуитетот на оние други држави кои се надвор од неа. Бидејќи во првата формулација кажав дека се работи за континуитет на држави кои го имале тоа својство на држави пред формирање на Југославија. Тоа значи дека ние го признаваме само оној дел на тие држави кои се надвор од Македонија и надвор од Косово, оти ниту Македонија ниту Косово биле во тие држави. А окупациски зони тие спаѓаат тек после првата световна војна односно Балканските војни и така натаму. Кога- мислев на тој интепретативен анекс мислев и на ова нешто, но јас го примам како олеснување ова"бидејќи јас сакав така да го толкувам, бидејќи мислам"и"македонскиот народ и сите ние само така можеме да го примиме тоа. Само тоа значење за нас може да има, инаку сето друго нас ќе не стави во многу други дилеми. Да спомнам само една, да не е многу голема, но се бавев пред неколку години со тоа, па~ да кажам и сега. Ми се понуди закон да го вратиме имотот на колонистите во Македонија што биле за време на Кралевина Југославија. Ние со грдни маки тоа го одбивме, бидејќи тоа значеше и тогаш признавање на таа држава како наша држава. Тоа саскав да кажам.

Второ, мислам дека тоа за наша страна предност што Србија беше принудена и тој режим да ја признае Македонија од АСНОМ навака, бидејќи тој е сега и една како да кажам една сатисфакција за да се одбрани од перманентниот свој став досегашен, дека македонска држава

нема и дека ова е Јужна Србија. Впрочем имавме и еден многу немил настан што еден наш многу виден професор кој цело време ни се продаваше тука како голем македонец отиде во Србија и напиша таква книга - македонизација на Јужна Србија.

(кој е тој - прашање од место)

Го знаете~сите. Нашиот познат технолог. Сакам да кажам дека сите овие работи имаат одредени последици за кои ние однапред мораме да мислиме, однапред мораме да им дадеме такво толкуваше и таква содржина за да го брани нашиот интерес не само- денес туку и во иднина. Инаку, така ја доживувам и втората формулација, ставот 2 на овој член каде што Србија веројатно инсистирала, веројатно е и таква дикцијата, значи таа страна тоа го кажува дека ја признава волјата на македонскиот народ од АСНОМ'"да создаде сопствена држава со сите елементи на исклучување на сите други. Јас ќе^. ја примам сега добронамерно дека она еднаш се ~"решила, таа своја теза за антимакедонско да ја надмине. Меѓутоа, се плашам дека со тоа наметнување на таква формулација може да ни наметне еден социјален и национален немир внатре, зашто сака да ни ја угура таа свест дека сите други граѓани не се составен дел на оваа држава. Се плашам дека со таква формулација на индиректен начин нас ни се наметнува, ни се втурува гледиште, становиште кое не е наше, кое не сме го прифатиле за ова време. Јас верувам дека во таков контекст, барем ова што јас го проблематизирав ќе биде сфатено и толкувано натаму и од тоа гледиште само свртувам внимание и натаму будноста да се искаже, затоа што мораме да имаме предвид дека тој режим засега не покажува знаци на поголема демократизација, на поголема промена на само свое битие и

на власта и на организацијата. Променливоста, оддолжувањето, обидот за да ги досикриви работите тоа се очигледно секојдневни настојувања нивни.

Да не ми замерите, на крај сакав и ова да го кажам. Ние при разговори, и сега и натаму, српскиот народ ќе остане наш сосед, на сите и не треба српскиот народ да се меша со српскиот режим. Српскиот режим е една работа, може и голем дел на народот да го поддржи привремено, но српскиот народ сепак е соседен народ на сите, голем соседен народ на сите нас балкански народи и ние почит према него мора да имаме и таков однос треба да се гради. Меѓутоа, со овој режим никогаш сигурност не може да се има.

На крај краишта ние мораме да сметаме дека со тоа сега каква е состојбата на Косово мора да се измени. Ние и Косово ќе го имаме сосед и натаму. Каков е и да е облик на решение тоа да најде, дај боже да биде во склад со барањето на самиот народ на Косово, но како да биде тој е наш сосед. Ние односите со нив ќе ги имаме. Веројатно денес немаме сила да ја принудиме Србија преку наши ставови и документи она да промени нешто во политиката, но ние градејќи однос према таа популација таму, према тој народ, мислам на сите граѓани на Косово, ние мораме да сметаме дека тие остануваат наши соседи. Тоа соседство ќе биде во било кој контекст да биде во рамките на решенијата што Ќ4 се најдат на Балканот за Бивша Југославија, мислам на единиците на бивша Југославија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, пред нас имаме акт од исклучително значење за македонскиот народ, за граѓаните на

Македонија, за националностите кои живеат во Македонија, за македонската држава за нас овде сите, за сите наши соседи би рекол, акт од исклучително значење за регионот, за целиот овој напор што современиот цивилизиран свет сака да внесе мир и нормални односи овде на Балканот, за целокупната меѓународна заедница која настојува да го воспостави мирот, да создаде услови за меѓусебна доверба и соработка на народите и нас граѓаните на државите од овој регион и да почне да се создава основа за меѓусебна доверба и за економски просперитет натаму.

Без оглед какво чувство поединечно секој има, факт е дека овој акт е акт потпишан меѓу претставници на нашата држава, Македонија, Република Македонија и една од страните потписници на Букурештанскиот договор е последна од страните потписи на Букурештанскиот договор, во овој случај онаа страна која со силата на оружјето од тогашната отоманска империја го заседе и освои токму ова подрачје и наметна своја окупаторска тогаш власт, власт која одеше кон денационализација на населението кое овде живееше до негово изробување и поплачување.

Токму овој акт со својата основна содржина и пораки најконсеквентно и најјасно ја оцртува разликата меѓу она што се збидна 1912 и она што му претходеше и она што сега постои овде. "-чч

**СТОЈАН АНДОВ:(**продолжение)

Разликата меѓу една безнадежна, комплетно безнадежна ситуација за Македонија од нејзината комплетна распарченост и покореност и постоењето на државата Македонија, Република Македонија како независна држава која е членка на 00Н и која е рамноправна со другите меѓународни субјекти.

Ние треба да бидеме длабоко свесни дека усвојувајќи го овој акт, сами покажуваме и една државничка мудрост и храброст и дека сме почестени што ни падна токму нам таа можност да затвориме еден период, барем за македонскиот народ и националностите кои живеат овде во Македонија и нашите граѓани, еден период на крваво минато полно со неизвесности и полно со борба, да го достигнеме и ние нивото на слободните народи, слободните држави, исполнето со сите наши стремежи што сме ги имале и дека сега доаѓа всушност навистина последниот плод од таа историска долгогодишна борба на сите луѓе, пред се на припадниците на македонскиот народ, но и на сите оние од националностите кои својата иднина си ја гледале токму во оваа држава.

Мислам дека ваков акт заслужува целосна темелна елаборација во јавноста. Ние ни во еден момент денес како пратеници, како избраници на нашите граѓани не смееме ни сами во себе да понесеме некое сомневање дека правиме некој погрешен чекор, ниту пак да оставиме некакво сомневање кај граѓаните дека, еве, некако сега не смотаа и правиме нешто што можеби требало инаку итн. Ние треба да бидеме горди што ова го правиме и мислиме дека со ова правиме голема работа.

V/2.-

Што се однесува до тоа дали е време ние да потпишеме Спогодба со оваа држава, која сега е непризната итн., јас се согласувам со некои основни опсервации за меѓународната положба на Сојузна Република Југославија . Меѓутоа, ние треба да сфатиме, таа ни е соседна, ние не можеме да го преместиме тој сосед, треба да градиме со неа односи на соседство, добрососедство, меѓусебно разбираше и доверба. А од друга страна меѓународниот фактор нема што да ни префрла зошто правиме спогодба кога еден од основните ставови на Дејтонската спогодба е меѓусебно признавање на земјите, државите кои настанаа на територијата на поранешна Југославија. Не можеме само да бараме тие да не признаат, а ние да не ги признаеме, кога еднаква е обврската според Дејтонската спогодба.

Што се однесува до границите, очигледно, ќе има тука нешто што треба да се доработи, ќе треба отворање на четири очи, тоа е голема историска одговорност на луѓето што ќе го вршат одбележувањето и што на тоа ќе работат, но мислам дека тоа е неизбежно, еден ден ние мораме тоа секако да го сториме. Мислам дека ставот што е тука во Спогодбата е неспорен.

Што се однесува до членот 4, кој е најмногу дискутиран, сакам да истакнам дека е нормално што тој предизвикува толку големо внимание. Ние и во неговата интерпретација како Парламент, како народни претставници, претставници на граѓаните овде, треба да покажеме повисок степен на една должност и еднакво гледање, да ги стесниме можностите од него да одат интерпретации кои не се поволни ниту за нас, ниту за државата, на никого нема да му помогнат. Ние не треба тука да одиме кон тоа дека е можно да се создадат сомневања.

V/3.-

Што се однесува до прviот став на тој член, тука само се констатира фактот дека 1878 година, во летото на Берлинскиот конгрес, после Руско - Турската војна и основањето на Бугарија седна таканаречениот концерт да ја подзапре Русија и нејзините претензии овде и во тој општ зафат Црна Гора, Србија и Романија станаа независни држави. Грција беше пред тоа, а Бугарија беше вазално кнежество, тогаш стана, 1908 година се прогласи за независна. Тоа е историја, тоа е факт и тие две независни држави сега се составен дел на Сојузна Република Југославија и ние им го признаваме тој континуитет, бидејќи тој никој во светот не може да го оспорува. Ние не го признаваме - тука беше многу добра забелешката на г-динот Хисен Рамадани, ние не признаваме дека ние сме учествувале во создавањето на првата Југославија од 1918 година. Никогаш не сме признале и таа не сме ја признале како земја во која ние сме учествувале и никогаш не сме ги прифатиле ниту нејзините акти, ниту прославата, кога се бараше 1 декември да се слави. И остануваме на тоа. Ние бевме заземена, освоена, окупирана територија и потлачен народ од една држава тогаш кога не внесе таму во Југославија. Ние тоа не го признаваме. Но целокупната борба, и за време на Отоманската империја и за време на таа прва Југославија, и за време на Втората светска војна која ја даде Република Македонија како една од федералните единици во тогашна Југославија која се создаде, овде е опфатена во вториот став. И тука , во вториот став, дами и господа, од страната која го потпишува другата страна фактички ние можеме да сфатиме дека таа страна се откажува од се што претходело на АСНОМ. Од сите државотворни и други државни акти и активности кои би можеле да се јават како основа на аспирации кон нашата земја пред АСНОМ. Од се се откажува страната потписничка,

Сојузна Република Југославија и останува АСНОМ и референдумот каде што народот, населението, граѓаните се прогласиле за независни.

Според тоа, членот 4 е круцијален и ние треба да останеме на оваа интерпретација која ја имаме и ја знаеме и која ја потврдува нашата историја, и која нас не воведува и признава и од последниот наш сосед, од оние кои не оспорувале. Ние единствено можеме да жалиме зошто тоа така доцна доаѓа, зошто тој сосед со чиј народ, за време на Втората светска војна, пак се најдовме на истата страна. Немаше раководство кое ќе имаше повеќе храброст и одлучност на време тоа да го стори, пред сите иако нашето историско искуство за време на Втората светска војна и како таа заврши не упатуваше токму тоа да го очекуваме. Но тоа не се случи. Тоа е дел од оние дилеми и околности кои овде ги изнесоа нашите колеги, г-динот Туда, г-динот Шакири и г-динот Рамадани. Таа земја има крупни внатрешни проблеми.

Што се однесува за меѓународниот фактор, јас реков што стои во Дејтонската спогодба, но сакам да ви кажам дека меѓу- народниот фактор сега изигра улога која е потполно во спротивност на улогата што меѓународниот фактор ја играше 1912,1913 година. Меѓународниот фактор застана на наша страна овој пат, и ние треба да им бидеме благодарни сега на нашите современици во тие големи земји што ни помогнаа. Тука се и имиња, имиња на министри, имиња на државници, од Германија, Франција, Велика Британија, САД. Тоа само значи дека тие држави процениле дека овој чекор е неопходен и за нас и за Балканот и за поширокиот регион, па и за Европа.

V/5.-

Затоа не смееме ни во еден момент да отвораме дилеми околу вистинскиот став по оваа Спогодба на меѓународната заедница. Мислиме дека е во меѓународната заедница добро разбрана, сфатена и прифатена.

Што се однесува до третиот став, јас искрено да кажам тој став веројатно ќе беше подобро да не беше присутен во оваа спогодба. Но да настојуваме натаму во интерпретациите да не му го даваме она значење кое е најнеповолно, најнеповолно може да биде, тоа не е во интерес на нашата земја. Но мислиме и остануваме дека оваа спогодба е прво во рамките на концептот на Бадинтеровата Комисија, а потоа исто така е во согласност со другите земји наследнички на Југославија. Интерпретација тука треба да се дава дека ние остануваме на нашите основни определби по ова околу сукцесијата, а ќе видиме дали така го разбрал тоа и нашиот партнер и од таа точка, ако не сме се разбрале добро, таа точка може да биде исходиште на идни притисоци во нашата држава и тоа е таа неповолност за која јас мислам дека сега е содржана овде.

Јас сакам да ви кажам, денес ние не случајно се соочуваме овде со овој документ, за нас важен документ, со важно историско значење. Јас би рекол исклучително важно историско значење. Ова е во редицата настани ние што ги имавме. Ние развивме една меѓународна политика, една надворешна политика во нашата држава и развивме една платформа на односи со другите членки на некогашна Југославија, уште од моментот кога на 25 јануари 1991 година ја донесовме Декларацијата за сувереност на Македонија. Од моментот кога Собранието во друг состав, ама дел од нив беа и овде се сега, донесовме став во почетокот

или средината на јуни да не прифатиме наши регрути да бидат регрутирани во ЈНА тогашна, која почна војна на дел од територијата на тогашна Југославија. Ова се надоврзува на линијата што ја декларираВме со одлуката за референдум, се надоврзува на линијата што ја воведовме во Уставот како независна земја и определбата да дадеме рок од 6 месеци мирно да се повлече тогашната Југословенска армија од кај нас. Ние одевме можеби постапно, одевме сигурни и свесни со какви историски оптоварувања се соочуваме овде на овој терен и колку е ризично, и тогаш кога апсолутно имаме право, ако не го избереме добро методот, каде може погрешен чекор, избрзан чекор да не одведе и кој последици да настанат овде. Одлуката да влеземе во 00Н , макар и со таа референца која на никој не ни се допаѓа, но што ќе беше со оваа земја ние да бевме надвор од ООН, ве молам, сега малку поразмислете. Сето ова е една линија, една линија на средување на односите со Грција и како успеавме , и како очекуваме и најавуваме и сме спремни да ги средиме односите и со Бугарија до крај добро, во взаемен интерес, и со Албанија исто така и навистина да работиме на воведување на европска клима, на доверба меѓу себе, на отворање на перспектива на сите народи околу нас, на сите граѓани овде во нашата земја, да се создадат услови за економски просперитет, да не бидат принудени младите генерации да ги одлагаат одлуките за да стапат во брак, одлуките за да имаат деца итн., да не владее премолчива пустош во домовите на Македонците и Албанците кои живеат овде, да се откинеме од бедата.

Тоа е таа линија.

V/7.-

Јас апелирам денес да го усвоиме овој закон, да гласаме за него, евентуалните ситни незадоволства кои ги имаме - се разбира никогаш не може се да биде перфектно, да најдеме понатаму толкување и решение кое ќе води кон зацврстување на нашата меѓународна позиција и кон градење на добри односи со соседите, на градење доверба, држење на довербата на големите сили дека овде имаат еден сериозен партнер. Затоа, јас препорачувам да ја сочуваме политичката линија на меѓународното делување на Македонија, која ја градевме од почетокот овде, а исто така да се држиме и до методот и тактиката која веќе е проверена и која е приспособена за неа, да не ни падне заради екстраваганции и други потези , да ни се случуваат скандали кои ќе се обидеме да ги префрлуваме на друг, но кои делумно ние сами ќе ги создаваме.

Пратеничката група на ЛП ќе гласа за овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, најпрво да ве известам дека сум овластен , тоа што ќе го кажам не е само мој личен став, туку и став на Пратеничката група на ПДП.

Вообичаено, треба да се поддржуваат секакви спогодби кои претставуваат основа за развој и унапредување на секакви односи меѓу државите за општа соработка, развој на сообраќајот, комуникациите, движењето на луѓето, капиталот итн., особено кога се работи за соседна земја. И ова не е спорно. Меѓутоа, сето ќе беше вред да се работеше за

една Спогодба која ќе се однесуваше во нормални околности, со нормална држава и во нормално време. Меѓутоа, ние мора да признаеме дека овие компоненти ги нема. Од тука, можеме да констатираме дека Спогодбата која е денес пред нас тука , можеби претставува чин на политичко забрзување или забрзан чекор кој може да не доведе до определи реперкусии. Така мислам меѓу другото и од следните причини.

Прво, според заклучокот на Европската Унија, обврската да ја признае Република Македонија беше еднострана, еднострано наметната како еднострана обврска за сегашна Југославија, но не и обратното, односно РМ да ја признае Југославија. Значи не беше обврската за взаемно признавање од причина што едноставно повеќе држави сметаат дека сегашна Југославија е пред тестирање пред меѓународната заедница. Тоа уште повеќе, затоа што реално се работи за две држави кои имаат сосема различни политички позиции. Од едната страна е државата која мора да признаеме дека ја сноси одговорноста за целокупната трагедија во поранешна Југославија и Балканот, држава која е изолирана и државата која е се уште под санкции, бидејќи како што знаеме санкциите се само суспендирани, а не се укинати, држава која нема меѓународна поддршка и држава која е на тестирање, особено по Дејтонската спогодба и тоа за повеќе компоненти.

**МЕРСЕЈТ БИЉАЈ1И 1**: (продолжение)

Додека од другата страна ја имаме Република Македонија како држава која остана, за среќа, надвор од таа трагедија која држава е отворена спрема светот и која има меѓународна поддршка, колку гато ја има. Меѓутоа, без оглед на таквите екстремно различни позиции на овие две држави, не може да се каже дека спогодбата која е денеска пред нас е рефлекс на реалните позиции, дури може да се каже дека странката која реално сега има послаби позиции го извлекла максимумот.

Второ , прашањето на признавање на државно - правниот континуитет нема под еднаква важност за обете држави дури постојната формулација во Спогодбата содржи во себе контрадикторности особено по однос на тоа дали таквата формулација претставува легитимирање на реалноста дека некогаш Македонија била составен дел на Јужна Србија односно Србија. Ова произлегува, ако внимателно се чита членот 4 од Спогодбата каде се кажува дека поаѓајќи од фактот дека Србија и Црна Гора постоеја како независни држави и дека Југославија го продолжи меѓународно - правниот субјективитет на овие држави, Република Македонија го респектира овој континуитет на Југославија, па оттука можеме да констатираме дека додека континуитетот и државно-правниот субјективитет и треба на Југославија за да се стекне со појаки позиции во однос на субцесијата која мислам дека воопшто ќе ја нема и второто на Република Македонија изгледа ова прашање односно континуитетот како е дефиниран во Спогодбата изгледа дека ќе и служи само за декларативна експлоатација односно само како политичка сатисфакција. Начело на меѓународно право е дека таму каде на една држава и се признава континуитетот и меѓународно правниот субјективитет, нема сукцесија, примерот на поранешната СССР сега Русија покажува дека е така, меѓутоа, јас не знам дали Република Македонија е таа држава која ќе промовира нови начела на меѓународно право и тие начела да бидат

VI/2.-

преседан во натамошните ситуации, тогаш тоа е за честитање. Постојната формулација за супцесија е нејасна како во однос на тоа што изгледа дека со таквата формулација се напушта концептот на глобалната сукцесија и прашањата се релативизираат на двострани односи.

Второ, таква формулација каде воопшто не постојат рокови јас не знам дали воопшто ќе имаме сукцесија. Еднostран е чинот на признавање на една држава е неотповиклив. Не можете вие една држава да ја признаете, а подоцна да кажете дека ние го повлекуваме признавањето. Тоа не е можно во меѓународното право. Фактички значи чинот е завршен бидејќи двете држави се меѓусебно признати, меѓутоа, условно речено ако евентуално започнат преговорите за сукцесија според таквата формулација како што е во спогодбата тие преговори можат да траат и 10-тина години и можат никогаш да не завршат, а едноставно ништо не може да се повлече од тоа. Се претпоставува дека имотот на Бившата федерација на поранешната СФРЈ се проценува на некаде 100 милијарди долари пасива и актива и јас лично не верувам дека ќе има некоја сериозна сукцесија освен можна формална сукцесија каде Република Македонија евентуално ќе добиеше некој објект кој некое време служел за конзуларна и дипломатска дејност и тоа во Зимбабве и Танзанија.

Трето, без оглед што некои држави ја призна сегашна Југославија иако се уште не се започнати преговори за Косово кое е услов од Дејтонската спогодба и од заклучоците на Европската унија мое мислење е дека Македонија не требаше да забрза со ова прашање од причина што едноставно Косово се наоѓа во блиско соседство односно се граничи со неа и секоја ескалација практично рефлексивно ќе се однесуваше и на Македонија со можни трагични последици.

Мое мислење е дека сепак Македонија не требаше да преземе било каква одговорност и минимална одговорност за една евентуална

катастрофа односно нова катастрофа на Балканот, а ние сме сведоци овие денови фактички имаме една многу комплицирана состојба на Косово дури може да се каже критична состојба на Косово и секој погрешен чекор едноставно многу лесно може да доведе до трагедија.

Чинот на признавање на сегашна Југославија од страна на Република Македонија по мое мислење дополнително ја заостри ситуацијата на Косово. Просто, од агол на интересите на Македонија односно на интересите на самата Македонија не требаше да се забрза со процесот на признавање без да се искристализираат некои важни работи во однос на таа територија односно Северниот сосед. Реално е дека некои големи држави односно членки на Европската унија ја признаа Југославија, меѓутоа, ние мора да појдеме од тоа дека сепак сме соседна земја и секоја можна катастрофа ќе се рефлектира врз нас, а од друга страна тие силни држави членки на Европската унија сепак имаат одделни инструменти со кои можат да ја натераат одделна држава да се однесува како што сакаат тие. Исто така ние мора да се придржуваме кон тоа дека САД се уште не ја призна оваа нова држава.

На крајот да кажам дека по мое мислење не е во ред некои претставници на било кое ниво од Република Македонија во јавноста да се произнесуваат и да прејудицираат за можното статусно решение на Косово од причина што едноставно тоа е најмалку интерес на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Звонко Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Господине претседателе, се јавив на почетокот но не добив збор...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас се извинувам ве повикав, но не бевте тука во салата.

VI/4.-

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Процедурално беше, за жал морам да станам повторно тоа да го кажам пред почетокот на седницата разговарав со претседателот на Комисијата за политички систем тоа е претходниот дискутант г-динот Мерсел Биљали за жал и другите членови на Комисијата за политички систем веројатно тоа не го забележале ни зеле во предвид, бидејќи тој не се изјасни. Имено, за што се работи. Се работи за една, верувам, грешка во извештајот на Комисијата за политички систем каде стои дека Комисијата за политички систем на својата седница одржана на ден 19 април го разгледала Предлогот за донесување на закон за ратификација на спогодбата за регулираше на односите и за укинување на соработката меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија, со Предлог на закон.

Пред расправата му укажав на тоа, мислев редно беше тој да стане и да каже дека се работи за грешка, претходно во расправата учествуваше по Спогодбата, но тоа не го кажа, па затоа сега го кажувам. Инаку мислев на почетокот на расправата, но не добив збор за тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г.-дин Биљали реплика.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Мислам дека ова не треба да се сфати сериозно од проста дактилографска грешка ако се прочита внимателно извештајот тој е многу јасен и сметам дека е без предметот да се расправа.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Дали е грешка?

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Да.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Фаик Абди.

VI/5.-

**ФАИК АБДИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници.

Би рекол дека имаме една многу сериозна работа пред себе имаме сериозна и историска работа, ова денеска е историски чин тоа што го правиме, историски заради тоа што и порано на првото свикување водевме полемика со едни дали ќе биде вака или онака, дали некој ќе не растргне и дали на Исток, Запад, Југ, Север, па ете судбината била таква да се одржуваме на нозе и ја создаваме Републиката онака лека полека како што замисливме, а најголем дел од државите не призна а соседите не. 19-от не признава а првиот не не признава .Не можеме да го прескокнеме на првиот а да одиме кај 19-от ниту кај третиот . Ако ова се има во предвид и дискусиите водени овде јас не гледам никаде овде да пишува за некоја Краљевина, Срба, Хрвата и Словенаца, не гледам дека некаде пишува за Вардарска Бановина, јас знам дека со распаѓањето на системите воопшто во светот се вратија назад и усташи, и четници, Павеличевци, Љотичевци, Недичевци, Балисти, Белогардеици, Рупљиковци, итн., и тн. дојдоа во ситуација во Босна и Херцеговина и на други места затегната ситуација, гинат луѓе и светот го сврте своето внимание кон тие делови од светот заради тоа што претстоеше општа опасност - светска војна.

Јас знам што моите комшии, моите добри пријатели зошто така се однесуваат. Сигурно загрижени, еве во дискусиите преовладуваше опасност и за албанците, а и за македонците доколку се реши вака или онака со извесни, да не повторувам некои работи, не сум таков табиетлија. ниту запишувам. Ние мораме да создаваме доверба кај комшиите, ние мора преку нашите претставници во ОН, во Европскиот совет, во Европскиот парламент и на сите руги места да дејствуваме за елементарните граѓански права, за правата на човекот и граѓанинот за да може секаде во светот, па и таму во Југославија каде еден дел се вика

VI/6.-

Косово кое е автономија како и Војводина луѓето ги уживаат и човечките и граѓанските права како и сите други. За тоа ќе се залагаме како држава Македонија, и должност ни е сигурно не треба во нашите размислувања да мислиме дека мораше Србија нас да не признае, а не е важно ќе се исплаши од нас ние нема да ја признаеме. Таа мора да не признае за да може да влезе не знам каде. Повеќе сили се собраа и рекоа мора Македонија да ја признаеш. Признавањето е обострано, па дури со нашето уставно име Република Македонија мислам дека треба да бидеме горди на овој документ кој постои овде и кој е потпишан. Ние треба да ја ратификуваме оваа Спогодба.

Мислејќи на еден економски аспект како и политички вие стопанственици што седите овде, јас знам дека ги има и стопанствениците на Република Македонија и јас сум стопанственик ние знаеме колку маки видовме и покрај постоењето на таа трансферзала Исток - Запад и покрај тоа што одевме преку Бугарија, Турција, да пласираме свои стоки. Во основа нашите патишта се Север- Југ и најголем дек од нашето производство натаму е. Сигурно ќе дојде време кога лека полека ќе си ги повратиме купците токму паѓајќи по тој пат од Скопје, према Север. Заради тоа што пет години тие не можеа да чекаат на нас сигурно се снабдуваа од други. Само така ќе бидат нашите граѓани, нашите работници, приватниот сектор ќе можат да ги користат капацитетите, само така ќе бидат пофлексибилни во однесувањето со помала цена на чинење и само така оваа држава овие граѓани, ќе имаат помали даноци заради тоа што повеќе луѓе ќе плаќаат за општи оптшествени потреби на државата во финансирање на дејности на Републиката и општините, па сакаме и нови општини а не затворени во себе си и тоа токму кај најважниот пат Скопје- Север. Мислам дека секој паметен човек, јас не викам дека овде има некој будала,простете ми, секој паметен човек мора да размислува и политички и економски и во

својата дипломатија, во своите односи да го има во предвид и се ова што се потпишува да се потпишува за мир, за признавање, ние долгочекавме, оваа доаѓа доцна. Порано требаше да дојде. Да можеме да поминеме таму, да можеме да работиме со тие организации таму, затоа што баш овде заедно со Ѕинго седевме овде и разговаравме имаше некои, нека ми простори што го викам Ѕинго, луѓето не можат да размислат зошто ние мислиме дека стоката и она што направивме берза нам ни требаат карго авиони итн .Дека можеме и така да продаваме не може тоа така да биде. Ние мораме да бидеме обезбедени со се како што е модерното стопанисуваше во Европа и во Светот. Така лека полека не да ги стигнеме барем да се приближиме до нив и да си го направиме животот подобар, а не можеме да го направиме животот полош. Би апелирал од моите добри колеги да не се створи меѓународното нешто што не треба да се створи некој страв некоја психа дека може утре да биде нешто лошо може да биде Србија, Милошевиќ, фашисти и не знам што, мислам дека не ни доликува во парламентот да злоупотребуваме такви зборови заради тоа што јас еднаш реков овде и пак ќе кажам во денешно време во оваа Европа и во светот некој од некого да се плаши, а постојат кризни жаришта, да постои Косово, како кризно жариште, но постои и Ајланд - Ирска, постојат и Курдите,постои Дудаев, покоен кој е отруен вчера .На многу места има такви работи. Тоа значи лека полека треба да се решат прашањата не со сила значи има такви работи и да не сееме омраза и страв меѓу нашите луѓе дека ова што го прави Владата дека е погрешно, ова е за пофалба, ова требаше да биде порано.

Што многу се користи овој член 3, 4, зошто?Кога не признаваат како АСНОМ тоа значи се отцепија, да ги употребам зборовите на г-динот Андов, веќе отпаѓа се што било пред тоа и Букурешт, и не знам што, сето отпаѓа. Постои АСНОМ,постои 1991 година нашиот референдум за

самостојна и суверена Република Македонија, ништо повеќе. Врз база на тие основи постојат други работи кои треба нашите министри, нашата Влада да ги среди од аспект на територијата, од аспект на економската соработка и трговија, па од аспект на зачувување и заштита на човековата околина да се унапреди соработката во областа на здравството, социјалата се е тоа промислено се е кажано.

**ФАИК АБДИ:** (продолжение)

Тоа значи големо нешто за нас. Тоа ни треба на нас. Не ни треба друго нешто. Е сега, како што викаат турците "да бидеме поербам пи, познаени да работиме" нашето производство да биде поевтино, и на пазарот да се "тепаме", на пазарот каде ја продаваме робата, да ни биде животот подобар,да не зависиме од никого. Тоа да ни биде главното мото Зошто се отвораме према светот и целиот свет се отвара поради тоа, за размена. Слободен проток на идеи, на мисли, на капитал и тн. и тн. Тоа зборувавме пред пет години, што некои не го разбираа овде. И денеска можеме да зборуваме за тоа.

Ако некој смета дека овде се води некоја игра или некоја прљава политика и дека овде, на овој договор нешто му фали, треба сите ние да бидеме дипломати па да вметнеме некои клаузули со амандмани. Дајте, со амандмани да видиме што е тоа, ако е нешто подобро да го прифатиме. Меѓутоа мислам убаво е што овој договор се предлага оваков и само да имаме добра волја и нашите стопанственици на Север преку таа држава во Европа, светот и само напред.

Благодарам

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Иванов.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Јас, оваа спогодба ја гледам како голем успех на нашата надворешна политика. Користам прилика исто така да кажам дека голем придонес е на Социјалистичката партија на Македонија која преку една конструктивна политика, со аргументи во соработка со соодветната партија од Југославија придонесе сепак побрзо да дојде до склучување на оваа Спогодба.

Јас ќе гласам за спогодбата, за нејзината ратификација од следниве причини:

Затоа што таа е во склад со Дејтонската спогодба. Видете, драги пратеници, Дејтонската спогодба не предвидува само признаваше на Македонија од страна на СР Југославија. Таа предвидува меѓусебно признавање. Според тоа, како што кажаа и некои претходни тука дискутанти, за прв пат во историјата на овој народ големите сили се определуваат за оваа држава, Македонија. Дејтонската спогодба не ги гаси само жариштата во Босна. Ние знаеме тие какви се и какви се трагични последици има. Таа ги разрешува проблемите и жариштата на поширокиот дел на Балканот. Според тоа, не може овде да се зборува само за тоа една страна да изврши признавање на друга, а другата страна да остане пасивна. Тоа нема никаде во светот.

Тоа што е заклучокот на Европската заедница СР Југославија пред се да ја признае Македонија па потоа таа да биде признаена е ка:ко резултат токму на таа дејтонска спогодба. Но, не е тоа случај да тие нас не признаат а ние нив не. Според тоа, мислам дека тие дилеми морат да бидат расчистени и мора да ни биде тоа јасно за да не оставаме некои впечатоци дека некој нас ќе не признае а ние кога ќе ни текне тогаш ќе го признаеме. Во меѓународното право нема такви случаи. Затоа се тие спогодби. Инаку, не би имало ниту спогодби.

Втора работа зошто ќе ја поддржам оваа спогодба е затоа што таа е донесена како резултат на нашата изградена надворешна политика. Таа политика е изградивме тука, во Парламентот, миroљубива политика, политика на еквидистанца посебно спрема соседите. Според тоа, не може да има причина ние да не одиме кон склучување на една спогодба за меѓусебно признавање. Не може да има ниту оваа спогодба претензија да ги расчисти сите дилеми во поедини земји. Ниту може таква содржина да има низ една спогодба да наметнеме на друга држава како таа ќе ги уредува своите внатрешни работи, каков режим ќе има итн Тогаш, земјите во светот не би се признале меѓу себе ни 10%.

Ќе ја поддржам оваа спогодба и од причини што оваа земја е единствена од соседните земји која не призна и како држава и како народ и под свое уставно име. Имаме други земји кои не признаа како држава, но не не признаваат како народ, затоа што оваа земја, признавајќи не како држава и како граѓани, во исто време ги признава во оваа држава сите кои живеат овде без разлика дали се македонци, припадници на другите народности и националности и тн.

Исто така, ќе ја поддржам оваа спогодба затоа што покрај големите политички ефекти има силни економски интереси. Тука Фаик убаво зборуваше, тоа е најблискиот пат кон Европа кон развиена Евро- па кон која ние тежнееме. Мислам на географски пат. Тоа е држава во која се отвора еден голем пазар, држава со која што имавме ние некаде 60% во обата правци размена. Целокупниот наш увоз и извоз. Според тоа, тоа е наш голем интерес повторно да дојдеме на тој пазар. Немањето дипломатски односи, непризнавањето помеѓу двете земји до сега беше голема отежителна околност. Тоа предизвикуваше да немаме нормален платен промет. Практично имаме само клириншко плаќање. Тоа оневозможуваше проток на капитал, на идеи, на работна рака и тн. Тоа предизвикуваше огромни проблеми во меѓусебното работење.

После оваа спогодба нашата Влада мора многу брзо, комората и тн. да покренат една голема иницијатива за разрешување на економските правила на однесување, во правец на разрешување на царинските односи, во правец на разрешување на проблемите од целокупната сфера на економиката, посебно транспортот и тн. Имаме големи економски интереси и тие економски интереси мора да бидат претходница на интересите на надворешната политика.

Тука користам прилика, еве тука е министерот за надворешни работи, сите министри за надворешни работи во целиот свет поголемиот

дел од својата работа или по право првиот дел е пробивање на економските соработки со земјите со кои се воспоставуваат тие контакти. Според тоа, не можеме да робуваме на некои стеги, на некои недоречености, нелогичности и да живееме затворени во енклави и тн.

Што ќе значи во целокупната наша работа, под претпоставка да не ја прифатиме оваа Спогодба или да не сме оделе во една оваква Спогодба? Тоа значи сами себе да се изолираме од светот, сами да си нанесиме огромни штети, сами на себе да си направиме најголеми проблеми или најголемо зло.

Воспоставувањето дипломатски односи и нормални дипломатски канали и нормални дипломатски контакти се патот преку кој се решаваат сите проблеми за кои што овде многу пратеници зборуваат. Според тоа, она што светот го прифатил како нормални начини на комуникација, решавање на проблемите со разговор, со преговори и тн, тоа мора да биде наш пат.-

Од тие причини ја поддржувам оваа спогодба и захтевам, молам и предлагам Владата да пристапи кон разрешување на сите проблеми посебно во сферата на економиката. Тоа е наш огромен интерес, тоа е наш голем пазар и нивни овде посебно за поедини делови за нашето стопанство како раноградинарското производство, производството на ориз, големата зависност во хемиската индустрија, обоената металургија, црната и тн. затоа што за овие 50 години градевме еден заеднички пазар, бевме присутни на тие пазари и тие кај нас и треба многу побрзо да ги воспоставиме тие контакти. Тоа не значи дека не треба да ги развиваме и односите со другите земји. Обратно и таму треба да се вложуваат огромни напори, и подалеку, меѓутоа ова е пазар што практично бил наш пазар и на кој што треба да дојдеме.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-ѓа Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Почитуван претседателе,"почитувани пратеници, Дозволети ми во на економична можна форма да ви ги соопштам моите видувања, бидејќи добар дел од работите што имав намера да ги соопштам се веќе кажани.

Имам чувство, следејќи ги дискусиите овде дека голем дел од нив се оптоварени со непотребен историцизам, со произволни интерпретации и делумно со песимизам, што според мене нема покритие, затоа што како да не се сака да се признаат далекосежните импликации од оваа Спогодба. Со неа едновремено се затвора последното крупно прашање што го имаме со еден од соседите,прашањето на взаемно признавање помеѓу Република Македонија;;и СР Југославија и се отвора, слободно можеме да кажеме, нов приод во политичкото живеење на државите во јужниот Балкан. Ова е и последна потврда за длабоката заснованост на клучниот елемент на надворешната политика на РМ, еднаквата подготвеност за соработка со сите соседи.

Од какво значење беше и е таквиот приод во градењето односи со соседите укажуваат не само фактите: воспоставени дипломатски односи и соработка со сите соседи туку и оценката на меѓународната заедница дека РМ е фактор на мирот и стабилноста во регионот.

Не може да се превиди ниту фактот дека и останатите премисии во надворешната политика на РМ, стремежот кон европска интеграција и вклучување во колективните системи на безбедност на РМ и донесоа не само рекордно вклучување во меѓународните инстанци, туку и углед во нив. не е на одмет и во оваа можност да се потврди дека склучувањето на оваа Спогодба овозможува да се исполни и четвртиот услов за прием во НАТО, да нема отворени проблеми со соседите.

Не е на одмет исто така да констатираме дека постои нараснат интерес за мултилатерална соработка со РМ за што сведочат интензивните преговори со Европската унија за склучување спогодба за соработка, а исто таков интерес постои за б»латерални контакти со РМ, за што сведочи исклучително богатиот број на посети на високи политички функционери од повеќе држави. Не верувам дека делегациите од далкуисточните земји ќе се одлучија на долги патувања до колку не постоеше вистински политички и економски интерес за соработка со РМ а тие посети, се разбира, резултираат со конкретни одговори на конкретни предлози на повеќе полиња.

Затоа јас не можам а да не си го поставам прашањето и истото пред вас зошто некои од дискусиите имаа за потреба да фрлаат сенка врз овој исклучително важен момент на надворешно политичкото живеење на РМ?

Предлозите што содржат во себе идеја за мешање во внатрешните работи на било која држава ги третирам како предлози од невидена ароганција, бидејќи се јасни правилата за дипломатско комуницирање со државите. А оние пак кои што фрлаат, би рекла сомневање, врз ставот за сукцесијата, мислам дека треба конечно да се одлучат дека никој во оваа земја нема да направи договор во кој што ќе стави клаузула што ќе оди на штета на самата држава.

Разбирам дека дел од овие манифестации се направени од потребата за политички маркетинг, но доколку не се аргументирани тие претставуваат само критика поради критика. Јас би сакала да верувам, на крајот од мојата дискусија ќе употребам формулација која што г-динот Хисен Рамадани ја кажа во еден друг контекст. Би сакала да верувам дека на сите нас овде присутни во Парламентот и надвор од него ни е исто доживувањето за оваа држава.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Господа пратеници, јас, можеби наспроти многу рационалните дискусии овде ќе бидам долг и пред да ја почнам својата елаборација по однос на она што денес ние го расправаме, сакам само да се осврнам на некои површински квалификации од стилот дека овде има патерналистички дискусии, , дека некој сака да фрла сенка, дека некој прави политички маркетинг и дека тоа наводно била некоја си невидена ароганција непозната во меѓународното право и тн.

Едно треба да биде јасно на сите, ако оваа Спогодба де јуре и де факто значи признавање на суверенитетот на Србија над "Република Косово" оваа спогодба во никој случај не може да биде прифатлива за албанскиот народ и албанците во Македонија. Ова нека биде јасно на секој, како во овој Парламент така и на сите што живеат во Македонија.

Овде нема никаков патернализам, нити пак има некаков политички маркетинг.

Јас ќе ве прашам, а , што правите вие, господа, што овде солите и продавате еден лесен маркетинг, нормална работа од ваша гледна точка на работите.

Албанците, да дадат поддршка на оваа Спогодба, а со оваа Спогодба де јуре Македонија да го признае окупирано Косово како дел од Србија, во никој случај не може да се признае, ниту да бидат од страна на албанските претставници. Тоа не е никаков патернализам, ниту ќе биде патернализам. Треба секому да биде јасно дека соседна Македонија, не само Србија туку и Косово. Дали тоа е денеска званично признаена меѓународна држава или ќе биде утре, тоа е веќе само прашаше на време. Пошто , дефакто нашата држава признала исто така

меѓународно непризната држава која тек сака сега допрва да се вклучи во сите тие институции со исполнување на сите тие услови што меѓународната заедница му ги наметна од едноставна причина, бидејќи холокаустот што го имавме на Балкан четири години ја причини токму оваа држава со која ние денеска ги формализираме односите.

VIII/1.- ПЈ/МЛ

**РУФИ ОСМАНИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Тоа е една цела вистина и тука нема ништо од аспект на патернализам површински маркетинг итн. Зошто јас ќе бидам против оваа спогодба. Меѓусебното признавање на Македонија со самонаречената СР Југославија беше обележан како медиски настан од прв ранг во Република Македонија. Неслучајно на крај, големиот брат од бившата држава на Јужните Словени се согласи со постоењето на државата на помалиот брат од истата цивилизациска провинциенса, ќе за- бележат политичките хронисти. Текстот на оваа спогодба, особено член 4 јасно дава на знаење дека предлог на договарање и регулирање се исклучиво македонско - српските односи и интереси, игнорирајќи ги во целост албанските интереси, како во Македонија, а особено во Косово, заборавајќи дека во овие простори живее скоро поло- вина од албанскиот народ.

Меѓусебното признавање на Скопје со Белград го оценувам како штетен и докрај непромислен чин на актуелната власт во Македонија, имајќи го предвид фактот дека со овој акт дејуре од страна на Македонија се признава суверенитетот на Србија над Република Косово и се легитимира државниот тероризам над албанскиот народ во Косово. Кога е во прашање Косово, да ја потсетам актуелната власт, бидејќи истата во континуитет е иста дека Социјалистичка Република Македонија е морален и секаков должник спрема Косово, бидејќи токму претставникот на Македонија во бившата СФРЈ, односно Лазар Мојсов со својот фалсифициран документ за наводниот проглас за албанско востание во Косово беше иницијатор за воведување на вонредна состојба во Косово, состојба која ескалираше во окупација и апартхејд на албанскиот народ невиден во светски размери. Сигурно овој факт ви е јасен и сигурно треба да го потсетите некогаш.

VIII/2.-

Формулацијата во насловот на спогодбата за која денеска расправаме, цитирам: "Регулирање на односите и за унапредување на соработката"воопшто не е потребна, во насловот на оваа спогодба. Зошто го кажувам ова? Општо е познато дека мимо фактот, што постоеја санкциите воведени во Обединетите Нации кон СР Југославија токму Македонија беше таа држава која во најмала мерка ги почитуваше овие санкции и целокупниот надворешен трговски промет на Србија и Црна Гора се одвиваше преку Македонија, но нормална работа за дебели девизни средства, кои се влеваа во џебот на приватни политичари, бизнисмени. Значи, тие односи во контекст на оваа спогодба по мерка на Белград секогаш беа на високо рамниште и во случајов се работи само за континуитет и формализација на истите на меѓудржавно ниво, а не за унапредување на истите, како што се нагласува во оваа спогодба. Морам да му честитам во оваа прилика на господин Фрчковски за транспарентноста со која тој ја репрезентира пред јавноста политиката на својата Влада во контекст на оваа спогодба. Истата, многу вака во стил ја образложи. Цитирам "Со оваа спогодба се затвора и последното отворено прашање во Јужен Балкан и се врши пацификација на Јужен Балкан". Да го изнесеше овој став Милутиновиќ од Србија, ќе имаше резон и логика од негова гледна точка. Бидејќи токму од српска страна Македонија се третираше како недефинирано и отворено прашање и скоро во континуитет се правеа разни сценарија за инкорпорирање на Македонија во составот на самонаречената СРЈ, додека пацификацијата на Јужен Балкан со окупирано Косово, како што го подразбира Србија, исто така, одговара на актуелната политика на српскиот режим.

Овој званичен став на Владата на Република Македонија интерпретиран од господинот Фрчковски уште еднаш ја потврдува позната теза, која историски многу пати е потврдена, а особено во

VIII/3.-

бившиот комунистички режим дека владеачките гарнитури на Јужните Словени пеат на иста бранова должина кога се во прашање Албанците, во овој случај тие на Косово и во Македонија. Пацификација на Јужен Балкан, да, господине Фрчковски, но таа пацификација на која вие алудирате со својот српски колега е болесна пацификација. Само по ваша мерка истата може да биде само вештачка пацификација. За пацификација на Балканот да, но по мерка на сите народи од поранешна СФРЈ, а тоа значи дека долгорочна и праведна пацификација ќе имаме само откако ќе се почитува волјата на албанскиот народ за Република Косово и на Албанците во Македонија како конститутивен народ, а не по мерка на состојбите, кои ги нелитимира меѓународно оваа спогодба.

Досегашната релативна стабилна состојба на Јужниот Балкан досега се сочува, пред се и над се на штета на интересите на албанскиот народ во просториите на бившата СФРЈ. Склучувањето на оваа спогодба мириса на рестраврацијата на добро познатите комунистички коалиции врз антиалбанска платформа од 1945 година, 1948, 1963, 1968, 1981 и 1987 година на тогашните социјалистички републики на бившата СФРЈ, а денешна независни држави, со кои без пар- дон и координирано се уништуваше албанското национално ткиво во овие простори под наводната борба против албанскиот национализам, сепаратизам и иредентизам и што не други идеолошки флоскули на политичкиот режим. Со склучениот пакт Белград - Скопје сигурно со координирана активност се рачуна дека полесно ќе се излезе на крај со сецесионистите во Косово и со националистите во Македонија. Заборавајќи дека токму сега на дневен ред е за решавање и албанското прашање и тоа прашање ќе го реши токму албанскиот народ со демократски средства и методи. Изгледа актуелната власт има нефункционална меморија и заборава дека токму почетокот на распаѓање на бившата СФРЈ започна на Косово

и тука истото ќе заврши. Нормална работа со позитивно решавање на тој проблем.

Една компаративна анализа помеѓу третманот на Албанците на Косово од страна на Србија и Албанците во Македонија од страна на актуелната власт ќе исфрли на површина една слична политика, која се разликува во методите, чекорите и динамиката на спроведување во зависност од поставените цели на Албанците, моќта на државата, како и меѓународната клима и поддршка во спроведување на таа политика. Нуз продукт на ваквата координирана политика помеѓу Белград и Скопје е и оваа спогодба.

Додека во Косово на Албанците со тенкови и крвопролевање им се укина статусот на територијално политичка автономија, во Македонија со новиот Устав на Република Македонија Албанците од државотворен народ се претворија во национално малцинство и во двата случаеви мимо волјата на Албанците се уназади уставно - правниот статус на Албанците. Значи, содржината е иста, формата само е поинаква.

Како резултат на овие постапки уследија референдумското изјаснување на Албанците во Косово за независно Косово, како и референдумското изјаснување на Албанците во Македонија за територијално - политичка автономија. Политички акти кои имаат ист третман како во Србија така и во Македонија. Во овој случај имаме идентичен третман и содржински и проформен.

Третманот на Универзитетот во Приштина на албански јазик, како и третманот на тетовскиот универзитет е идентичен во двете држави. И многу други нешта кои што ја потврдуваат изречената констатација погоре и најилустративно ги потврдуваат компатибилните активности на потписничките на оваа спогодба секогаш на штета на Албанците како во

Косово, така и во Македонија. Значи, секоја објективна, компаративна анализа ќе го исфрли на површина непобитниот факт дека во доменот на колективните права и од аспект на уставно - правниот статус на Албанците состојбата е скоро идентична како во Македонија, така и во самонаречената СРЈ. Единствена разлика имаме во доменот на индивидуалните права и во избраниот пат на реализацијата на своите цели од страна на Албанците и нивните политички претставници во Косово и во Македонија. Факт кој директно влијае врз државните политики кои се водат кон Албанците во Косово од страна на Србија и во Македонија од страна на актуелната власт. Со оваа компарација во никој случај не ставам знак на равенка помеѓу албанското прашање во Косово и албанското прашање во Македонија. Бидејќи првото е прашање на надворешно само- определување, додека второто е само прашање на внатрешно самоопределување. Значи, разликата е суштествена. Најсвежи и најбрутални примери од наводната македонско - српска коалиција претставува од страна на македонската страна малтретирањето на симболот на албанскиот отпор на Косово г-дин Адем Демаши и на професорите од Приштинскиот универзитет кои предаваат на тетовскиот универзитет. И токму во време додека господин Фрчковски беше прв полицаец во Македонија. Што да се каже за албанските партиципиенти во актуелната Влада. После оваа спогодба, а имајќи го предвид фактот дека за внатрешна употреба најенергично го осудуваат српскиот хегемонизам и ја поддржуваат Република Косово. Од друга страна како перципиенти во Владата го признаваат окупатор на Република Македонија. Навистина се непредвидливи.

Не останува ништо друго, туку да им се честита, навистина успешно ја копираат политиката на еден покоен политичар - албанец од Косово. Сигурно чекорат по неговиот пат. Судбината јасно им се назира.

Прифаќањето на оваа спогодба ќе значи дејуре и де факто признавање на српскиот суверенитет над Косово од страна на Македонија, чин кој за албанскиот народ и неговите претставници во Македонија е апсолутно неприфатлив, имајќи го предвид референдумското изјаснување на албанскиот народ за Косово Република и ќе значи легализација на државниот терор и апартхејд кој се применува во Косово и како чин го отежнува демократското решавање на косовското прашање.

Второ, ќе значи непризнавање и прогласување за невалидни на стекнатите дипломи и звања за завршено, основно, средно, високо и постдипломско образование на граѓаните на Република Македонија, кои тие дипломи ги стекнале после осамостојувањето на Македонија во легалните, легитимните албански органи во Република Косово.

Трето, скршнување од заклучоците на Бадинтеровата комисија за поранешна СФРЈ во однос на државниот континуитет и прашањето на сукцесија, како прашање од прво разредно значење. Поради ваквиот став неслучајно енергично реагираа Словенија, Хрватска и Босна и Херцеговина.

Четврто, откажување од меѓународната арбитража, особено по основ на богатството и правата, односно по основ на сукцесија, ќе значи задоволување со предлогот за распределба на богатството и правата по мерка на помоќниот партнер во случајот на оваа спогодба, чин кој дебело ќе го платат граѓаните на оваа држава, а не актуелната власт. Значи, против оваа спогодба, која од наша гледна точка во никој случај не може да биде прифатлива.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Исмет Рамадани.

VIII/7.-

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, оваа говорница овозможува секој да се претстави како човек, како битие и во оригинал свет во себе. Може да биде дрзок, може да биде покварен, може да биде и нарцисоиден, може и да се однесува како дете кога го прават сунет и му стават тука машала, машала... за да му биде со аир. Имаме такви кои прејудицираат, натоваруваат во себе премногу татковинско што не можат да бидат исправени. Меѓутоа, секојдневието, трудот и работата, сепак, е тоа што треба да се цени. Јас знам немав и немам политичка сила да спречам една ваква спогодба, затоа што знам и јас и знам дека од 7 до 77 години и повеќе Албанци во Република Македонија не прифаќаат една ваква спогодба, затоа што знаат дури и да им се постави во прво одделение прашање, дали ја признавате СРЈ во услови кога има класична окупација над Косово, полициска и воена, верувајте дека тие во првото одделение ќе одговорат, не ја признаваме.

И да почнам, во дел од причини поради кои треба да се донесе законот има еден пасус, пишува "Врз основа на принципите на Повелбата на Обединетите Нации и завршниот акт на Хелсинки, Париската повелба на 8 април склучија спогодба за регулирање на односите, односно признавање на меѓу две земји". Признаваме земја, која ама баш ништо нема врска во тоа што е почитување на овие повелби. Режимот кој е таму, ниту ги почитуваше, ниту ги признава ниту ги спроведува тие повелби што се наброени таму. Се разбира, знам, толку сум умен да знам дека таму се спомнува во еден друг контекст, меѓутоа, тоа е тоа.

Зборот "таканаречен" јас го научив тука од моите колеги, пратеници. Од обично кога имаше иницијативи од пратениците албанци, иницијативи кои одеа до таму за да бидеме рамноправни граѓани,

колективитети тука и на тие иницијативи обично се кажуваше, па "таканаречено". Верувајте дека ама ич не треба тука друго размислување и друго сфаќање, СРЈ за нас пратениците од ПДП останува "таканаречена". Затоа што таа дури од првите информации што ги имавме тогаш кога се формираше, односно кога имаше прв Устав, уште тогаш ние рековме, а и тука моите колеги дека е "таканаречена". Со Уставот, мислам на Жабљак формирана е СРЈ. И дури и тогаш не беше по волјата на народите таму, односно на народот во Србија и во Црна Гора. Режимот, кој направи тоа што го направи, трагедија, трагедии трагедии и целиот свет веќе тоа го знае и многу добро го знае. Затоа што ние кога би имале некоја логична, односно некоја логика во тоа што е политичко размислување, дури имало една дискусија во Обединетите Нации, што е во оваа Југославија тогашна бивша. Сите овие словенски народи избегаа од режимот на Милошевиќ, се отцепија и формираа свои држави. Зарем не е апсурд и каде е политичката логика, па косовските албанци да останат под јурисдикција на режимот на Милошевиќ. Каде е логиката. Знам некој ќе рече, ама во политиката нема логика. И тоа го знам. Нема логика. И затоа работите се дојдени до една ваква ситуација. Точно е, констатираат тука и други дека притисокот се правеше на Белград да ја признае Република Македонија. Фала богу не сме баш толку со незнаење дека признавањето оди секогаш реципрочно. Меѓутоа, не признаваме пак кога во еден период се прави притисок на една држава и со барања да почитува и друго нешто, ние да им одиме во Белград, како да ни кажат тие, дојдете господа во Белград малку да ве признаеме, затоа што ни прават притисок овие од Европската Унија.

IX/1.- ЈМ-ВБ

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Мислам дека Македонија има таква меѓународна позиција сега, барем сега и тоа многу фаворизирана во однос на таа држава што им отидовме во Белград за толку да потклекнеме да одговориме на едно "дојдета малку да ве признаеме". Зошто велам,дојдете малку да ве признаеме, затоа што во самиот акт во закон се гледа дека толку и толку прашања веќе се отворени, а кога би биле малку подостоинствени би можеле ние малку повеќе да диктираме во тоа што е взаемно признавање. Нормално, често пати тука во овој Парламент сум го слушнал: што барате вие пратениците Албанци, и зошто сте толку загрижени за Косово? Да не бидеме ние загрижени за Косовското прашање па тоа е чист дилетантизам ако некој го бара тоа. Еве во соседство наш род и ние да не бидеме загрижени таму каде што, кажаа моите колеги што се прави таму со тој народ. И ќе бидеме загрижени. Дури јас се прашувам понекогаш па немојте ве молам, да се занимаваш со политика и да не бидеш загрижен за една средина каде што е потенцијално жариште и ти тоа да го коментираш, па тоа е друга држава, немојте. Зарем ние не сме толку свесни дека како сожители, сограѓани, содржавјани на Република Македонија во овој случај Македонци, Албанци, Турци, Власи, Роми итн. и сега да не бидеме сите загрижени за една ситуација која е сега во Косово, односно да не нарече некој патерналисти. Не, дури таа улога не можеме да ја имаме, инаку друга чие веројатно ќе постапиме. Меѓутоа загрижени, да, и како луѓе кои сме определени за некоја европска опција и демократизација итн. затоа што тука има две димензии, најдоброто и најлошото. Најдоброто е за сите нас да се реши и Косовското прашање. Тоа значи мир, тоа значи спокој, тоа значи слобода, тоа значи многу побрзо да се развива во сите сегменти и оваа држава Република Македонија. Најлошото се знае, ако се случи к

конфликт, ако се случи таа трагедија и во Косово тоа мислам дека не треба и многу да се образложи затоа што бевме сведоци на тоа што се случуваше во Босна и Херцеговина.

Во овој случај јас би навлегол и на тоа што сепак треба и требаше да се има почит кон сограѓаните Албанци во Република Македонија и при потпишување на една ваква Спогодба. Јас сум сигурен, 100% сигурен дека самиот потписник на една таква спогодба во себе рекол: потпишувам, но знам дека моите сонародници, сограѓани, содржавјани во Република Македонија ќе бидат иритирани до крај за ова. И тука нема повеќе коментар. Тука веќе е јасно. Затоа јас мислам дека требаше повнимателно да се оди на потпишување на една ваква Спогодба дури Република Македонија има и обврска поради своите сограѓани тука, секаде да го потенцира тоа, да бара, да инсистира со својот имиџ веќе што го има и во меѓународните институции, било каде да почнат тие преговори помеѓу претставниците на косовските Албанци и Србите , затоа што тоа оди во прилог на мирот, во прилог на Србите и Албанците, а оди и во прилог на нашата држава, односно на сите нас тука во Република Македонија. И тука треба да бидеме транспарентни, тука треба да бидеме многу јасни затоа што тука завршуваат сите маки овие години и психички што ги имавме и тој перманентен страв кај граѓаните кои живеат на овој регион. Па затоа без разлика сега од која позиција сме, знам јас некој ќе рече: па еве како е можно сега овие господа од ПДП да бидат во Владата на Република Македонија односно коалициони партнери и во овој случај спротивно и да зборуваат и да размислуваат и да гласаат. Нека ни биде јасно ако знаеме малку што е политика ние сме свесни, а и нашите партнери се свесни, знаат дека се уште за одредени прашања ние немаме консензус, а тој неконсензус ние го велиме секој ден, го кажуваме јавно ви го соопштуваме дека и овој случај

Пратеничката група на ПДП и ставот на ПДП останува неизменет што значи нема да гласаме за една ваква Спогодба.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Господине претседателе, дами и господа, очигледно оваа Спогодба предизвика голем интерес во Републиката и поголем број на граѓани со олеснување и задоволство го прифатија фактот на потпишувањето на спогодбата. Некои политички партии и поединци од политичките партии дадоа изјави во контекст дека тоа не е на време направено, не требало да се направи, дека првиот, поранешниот текст бил подобар од последниот и сл. Очигледно и од денешниве дискусии во целост, или поедини делови од оваа Спогодба се негираат, или пак се сметаат за неквалитетни решенија. Очигледно е дека се изневерени и некои нереални очекувања дека со оваа Спогодба треба и со неа да се решат сите нерешени проблеми во регионот и на Балканот, или пак нерешени прашања во соседството. Мислам дека не треба да се елабори зошто сето тоа што не е решено не може и не е предмет на решавање на еден ваков акт. Очигледно и покрај желбата за критика на овој акт желбата да се напаѓа овој акт сите аргументи што јас ги слушнав денеска навистина не ми се соодветни. Бидејќи според мене, а верувам дека и на сите ни е јасно што значи од политички аспект употребата на уставното име во овој документ и не само признавањето и пишаното име во документот, туку и употребата конечно од страна на СР Југославија во меѓусебното комуницирање да се употреби терминот Република Македонија. Знаеме какви импликации тоа донесе и какви реакции и од соседството од Република Грција, па таму се нарече непријателски гест спрема Република Грција и сл. и секакви импликации други настанаа во врска со тоа. Знаеме што значи и признавање дека Македонија е

независна држава во рамките на своите меѓународни граници. Тоа е убаво кажано во член 1, а исто така и признавањето и суверенитетот на територијалниот интегритет и политичката независност на Република Македонија. Во тој контекст сигурно значајно е и добро за сите нас,овде повеќе пати спомнатиот факт признавањето на континуитетот од АСНОМ и последниот референдум во Македонија од 19 91 година. Значајно за нас од политички аспект е и што е регули- рано и обврската за штитењето на правата на националните малцинства во двете држави, а се разбира дека за нашата стварност, за нашето секојдневие многу значајни се и економските аспекти од Спогодбата. Беа тука елаборирани од неколку дискутанти, а јас само ќе кажам неколку најсуштествени според мене. На сите ни е јасно што значи отворањето на тој природен коридор за патот на стоката во два прави што значи да се избегне она заобиколување на нашиот производ до дестинацијата Западна Европа. да се избегнат оние заобиколни патишта чекања и губење на време дека тоа всушност значи и поголема курентност на нашата стока на европскиот пазар, што значи можноста и преку оваа спогодба воспоставените основи за регулирање и воспоставување на стопанска и економска соработка на стопанските субјекти од двете земји што е всушност и шанса и можност за заживување на голем дел од нашето стопанство, нашите стопански капацитети. Претпоставувам и зголемување на стоковата размена во двата правца што сето заедно мора да даде добри резултати на глобален план. Но очигледно на некого и тоа му пречи, му пречеше пред извесно време и отворањето на јужната граница меѓутоа факт е дека Македонија се стабилизира дека пофалбите што нашата меѓународна политика и вкупна политика ги добива полека се ефектуираат во секојдневието и ќе бидат изневерени на очекувањата на оние кои што размислуваат дека што е полош тоа е подобро. Јас сум

убеден дека со потпишувањето на оваа Спогодба и прифаќањето на денешнава седница дека правиме добра работа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани колеги, почитувани министри, размислувам дали ние денеска се наоѓаме во некој Парламент во Белград од типот на српски парламент или југословенски парламент па да поло- вината од дискусиите ни се насочени кон прашања на Косово и сл. Ова е Парламентот на самостојна држава Македонија. Ние треба денеска да ратификуваме една Спогодба во редот на многуте со што треба нашата надворешна политика коај што трпеливо и многу внимателно ја градиме во еден континуитет да ја заокружиме со потпишувањето на оваа Спогодба за да на дело ја потврдиме нашата определба за еквидистанца, или еднаков однос кон сите соседи. И сега одеднаш нас оваа Спогодба не ни се бендисува, наоѓаме во оваа Спогодба штетни импликации при кое што секој говорник не пропушти да искаже душебрижништво за нешто што не е компетенција на оваа држава. Ние мораме да разликуваме чувства на етничка припадност,на соседи, на пријатели, сите ги имаме фала богу во цел свет, а сосема друго е спогодби во рамките на една самостојна држава и на една рамномерна и многу умерена политика по сите. Ако ние имавме снага и храброст да пред целата светска јавност се откажеме и од усвоеното знаме овде во овој Парламент во интерес да покажеме дека сакаме да ги разрешуваме сите односи особено со соседите на задоволителен начин нема причина и денеска да постапиме така. Овде ние искажавме многу тешки зборови. Јас на крајот ќе барам Парламентот да се огради од одредени квалификации што можат да значат политичка штета на оваа држава на нашата дипломатија и пред се на овој Парламент. Ние можеме за тие работи да разговараме поинаку на трибини, на состаноци, во кулоари, на

кафе, но да ве потсетам господо еден голем дел од Вас интензивно има прилика да биде учесник и тоа активен учесник на многу меѓународни конференции, собири,експертски групи и сл. Јас на државен трошок и од овој Парламент не отидов до далеку од Скопје. Господо слушате таму, гледате дека никој конечно не дозволува во Европа, а особено на Балканот две, или повеќе држави. Умреа оние фикции за големи држави, ако не се доволна опомена се она што се случува, дајте да се бавиме и ние со тоа. Јас морам да ве потсетам дека на два, три пати потегнував овде прашање дека во овој Парламент мораме да го покренеме прашањето за нашиот род како што вели некој во соседните земји и тоа од гледна точка на малцински права, демократски права на граѓани, а не на создавање на некои држави, републики и сл. Според тоа навраќањето овде за некој самонаречени и таканаречени како што ги рековте, илириди и сл., нека остане како едно минато и да не си играме со огнот, да не го распалуваме и немојте едни односи во соседство тука да ги пренесуваме со една доза на застрашување и една доза на притисок.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Јас поставувам јавно прашање. Дали нашата дипломатија ќе личи на дипломатија ако по Дејтонската спогодба, по Париските договори и сите други наши активности ние не потпишеме спогодба со првиот, или во овој случај последниот сосед. За мене реагирањата на другите 3 соседи со негативни импликации дека нашата дипломатија и нашата Влада сврши добра работа, секогаш е така во животот, кога имате жестоки реакции, жестоки критики, значи сте ја погодиле работата, таму на право место. Источниот сосед мислеше дека со коридорот ние сега треба да се врземе за тој коридор и другиот да го заборавиме. Не, ако треба ќе градиме, ќе создаваме некој североисточен, северозападен и слично се во интерес утре да имаме алтернативи, да не бидеме ничие галениче, никој да не потценува и да не не уценува особено кога тие комуникации се во функција, биле во функција долго време и зошто да не признаеме дека тоа биле комплементарни стопанства на целиот простор од поранешна Југославија целосна. И да не се занесуваме господо, прв наша грижа треба да биде точно како што стои во оваа формулација. унапредување на соработка. Соработката за среќа никогаш не е прекината. Формулацијата точно е за оние кои што ценично укажуваа како сега унапредување. Соработката е добро што не е прекината, затоа што е економската соработка и ги елиминира и ги ублажува сите други политички тензии и на крајот на краиштата политиката мора да биде ; во функција на економијата.

Јужниот сосед, кој што најповеќе очекуваше, поддршка имаше долго време од СР Југославија, особено Србија мора да имаме разбирање за неговите жолчни реакции, затоа што ова е адут на нашата

дипломатија во претстојните и сегашните преговори во Њујорк и 00Н. Една држава до средство која што не сакаше да чуе на РМ, која што долго време калкулираше, манипулираше и сега не признава под нашето право име Република Македонија со тоа не признава и како народ и како држава, ние да се откажеме од тој аргумент тоа би било господо политичко самоубиство рамно на дилетанти. Македонија веќе не е дилетанска земја, знае што сака, знае што прави и знае каде треба да се стреми и каде треба да се ориентира. што помалку наше душегрижништво за сите соседи, подеднакво дотолку повеќе ќе бидеме оттргнати од сето она што значи инволвирање во одредени конфликти и слично. Да не заборавиме дека не треба да правиме разлика што значи она и почитување на граѓански и други права. Јас ќе ве потсетам дури на заложбите на наши врвни државни раководители, дури и да поседуват нас тој план и во таа насока. Не може да се игнорираат тие добри желби за добрососедство и искажани од највисоко место во оваа држава. Според тоа се друго што ќе оди во смисла на девалвирање, оспорување, дури наречување дека ова е промашена спогодба дека оваа спогодба треба да попричека, што да чекаме, да чекаме мечката или на некоја друга врата да дојде, или да си се обезбедуваме од сите страни што е добро позната вистина, мислам дека сигурно ќе се одлучиме за ова второто.

Сукцесијата и поделбата многу убаво, исто така, ако го читавте текстот детално, многу убаво е формулирано. И самиот наслов вели: спогодба за регулирање на односи. Значи, односите треба да се регулираат. Ова е само една глобална спогодба, а сите односи понатаму ќе си се регулираат како што денес ние имаме прилика да потпишуваме неколку потесни спогодби со Република Словенија. Тоа е патот што си

тече. Ние тука опонираме дури игнорираме спогодба што треба д ја потпишеме кога веќе пред нас потпишуваат спогодба Р .Хрватска и СРЈ, земји кои што беа во војни, во конфликт, кои што имаат нерасчистени уште многу прашања, огромни прашања. Автопатот мора да го отворат и ќе го отворат. Спогодби мора да се потпишат и со БиХ, мислам СРЈ и со Словенија. Не може ние да го потценуваме признавањето на СРЈ од Франција, Англија, Германија и др. земји. Не се тие било кои, да се разбереме. Според тоа, ние сега наместо со ова да дадеме конкретен пример дека заборавамe на сите историски неправди, дека заборавамe на се што е правено во интерес на иднината на оваа држава, и идните генерации ние сега треба да копаме архивите и слично. Но, да не бидеме оптеретени. И архивите се влезени во овие спогодби. И дел од архвиите треба да ни припадне, за да ја знаеме точно нашата вистина како што треба да ни припадне и дел од богатството на таа држава, затоа што обврските веќе ние ги презедовме. Како сега ние да одиме напред во чекор на разрешување на овие прашања, ако спогодбите сме ги превземале до СРЈ преку разните доверители, банки, асоцијации и тн., ваму не сакаме да потпишеме спогодба за да дел од тој терет нормално пренесеме на таа држава која што е најголема во тоа, и во долгот се разбира и во богатството со кое располага. Секој од оние што преставуваат меѓународни фактори не ќе сака да разговара со нашиот почитувана министер ако ние не го потпишеме. Значи, ние не сакаме од оние 5,4% од богатството на поранешна Југославија што треба да и припадне на нашата држава. Не го сакаме. Значи, ние сме толку моќни финансиски и економски што за нас тоа е едноставно, тие неколку милијарди долари. Не се тие толку битни.

Според тоа господо, имам една ретка прилика да овој договор од сите договори со соседите го наречеме историски. Од она што го рекоа многу претходници, почитувани пратеници во овој Парламент, со огромно знаење и познаваше на работите, кон кои што ние само можеме да им се приклучиме со една поддршка и во мое лично име и во име на Демократската партија на Македонија и мислам дека ова е една ретка прилика која што стопанството веќе ја очекува, долго време, беше искажано но не и конкретно кажано.

Ние со Србија прометот диво го оствaруваме. Према тоа платниот промет после оваа спогодба мора да биде првата точка која што треба да биде. замислете сега ако ние имаме дипломатски односи со Грција, тоа се дипломатски односи дали е таа спогодба времена или не не е битно, имаме ние конзулати, имаме ние претставништва, имаме ние веќе проток преку границата со Грција со која што се спориме и со името, со која што толку енергија изгубивме, но да бидеме и благодарни Грција и не афирмира сега да се откажеме од ваква спогодба. Нема резон господо.

Почитувани пратеници, уште еднаш полна поддршка кон оваа спогодба со тоа што верувам дека нема да бидеме ниту неспремни, ниту наивни дека сите оние дискутабилни прашања кои што ќе произлезат не ќе можеме успешно да ги разрешуваме. Вие сите следите дека ние имаме многу квалитетен експертски тим од врвни професори и стручни лица кои што веќе одржуваат редовни контакти во однос на она што значи сукцесија на поранешна Југославија.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници, јас нема да замарам затоа што од некои пратеници слушнав некои работи што се поврзани со историјата, некои пак сака да ни наметнува и тоа да се оградиме од дискусиите, па некои во своето мислење сака да некој начин тоа што мислиме во овој Парламент да го кажеме дека не му е местото и тн. Јас накратко ќе инсистирам некои работи да кажам, моето убедување во врка со оваа проблематика, и ќе инсистирам да бидам што поконкретен и подецидне за да не ве заморувам и едновремено да го кажам своето мислење.

Ние сите сме сведоци дека на 8-ми април 199 6 година Владата на РМ воспостави дипломатски односи со таканаречена СРЈ чин кој како што знаевме и преку јавните медиуми и од некои од надлежните се заокружува и со спогодбата со северниот сосед и РМ. На некој начин ги окончува односите целосно со сите соседи за да може понатаму потесната соработка и во другите сфери во животот, кои едноставно еден ден ќе бидеше, но по мое лично убедување овој чин е прерано направен и можеби тоа ќе ни се возврати за едно многу многу кратко време. Ова го кажувам од причина што сите ние сме сведоци дека еден голем број внатрешни проблеми ние не семе ги решиле. Сето ова го кажувам од прости причини што РМ, по мое мислење требаше токму во овие моменти да не заврзуваше да го донесе овој акт или оваа спогодба бидејќи останатиот дел на бившата Југославија како таква уште не е дефинирано и дали тоа ќе остане како таа го сонува, од каде сите ние сме сведоци дека и ден денеска нема целосно мирување, сведоци сме сите дека БиХ е еден пример дека во едно сосема кратко време ќе зазвучи незадоволството во Република Црна Гора дека истото ќе се

случи и со Бившата покраина на Војводина каде што се прегазени, да кажам правата на тој народ и дека уште е полоша состојбата со 2 милиони албанци на прогласената Република Косово со нивниот референдум за независност од 19 91 година и каде што за жал класичното ропско и ден денеска надвладеа нагазувајќи и над најелементарните права на човекот на тој регион.

Имајќи ги во предвид сите споменати факти и аргументи попаметно ќе беше Владата на РМ да се сеќаваше на блиското минато кај кого и сите ние сме сведоци дека едно време звучеше и во нашите глави, сите ние сме сведоци дека пред 5 години агресивно се однесуваше и кон сите народи на Бивша Југославија, па да кажам тука ги опфаќаше и синовите македонци кои ни криви ни должни паднале на една нехумана војна само заради тоа што не сакале да признаваат една политика која водеше во една бивша Југославија и која ја сонуваше една таканаречена голема Србија. И ред други реперкусии злосторствао, нехумани акти кои се извршиле над не кривични луѓе и кои ете и ден денеска на некој начин стрхуваме и страхуват луѓето од таквиот агресор. Сето ова докажува дека оваа Влада направила еден итен чекор кој ни малку не чувствуваше потреба да го стори а посебна во оваа тотална и нејасна слика. Меѓутоа, не значи дека од сето тоа што е сторено е касно. Напротив, овој Парламент треба ладнокрвно да размислува и ако не друго оваа спогодба може да ја одложи за едно друго време каде ќе биде поповолно и каде ќе се утврди дека се создавале услови за ратификување на истата.

Понатаму, Владата на РМ сум убеден дека на некој начин му должи на граѓаните на РМ и на сите што сме тука присутни да го докаже тоа,

под еден со какви услови го регулира државниот континуитет.

Два, случајот на сукцесијата како ќе биде и под

Три, наследството и ред други важности што се во интерес на РМ.

По мое убедување уште посмешно е кога дотичниот министер во едно интервју кажува дека членот 4 е во согласност со одлуката на Бадинтеровата комисија и на другите меѓународни акти. Уште посмешно по мое убедување е таканаречена Сојузна Република Југославија. Мислам дека уште не е призната како таква во ред на меѓународните асоцијации и нормално ниту се обврзува моментално да ги почитува тие меѓународни норми, ниту пак го обврзуваат меѓународните правила и акти. Па, затоа треба внимателно да ги надгледаме овие работи за да не би се тоа возвратило во негативна конотација на интересот на граѓаните на РМ што мислам дека е редно тоа конкретно да се каже пред неа.

За да не должам, за крај јас би го додал и ова дека скромните аргументи што се додаваат ан спогодбата не ни дозволуваат заедно со моите колеги пратеници од мојата пратеничка група оваа спогодба како таква да ја поддржуваме.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, министри и пратеници, после толку богата дискусија навистина треба големи инспирации да се каже нешто ново. Јас ќе се обидам да кажам барем нешто поинтересно.

Според мене мислам дека заемното признавање меѓу Македонија и СРЈ е еден континуитет на дипломатијата. Всушност, еден извор на реал политичката опција, нормално со една нова свежина и нови амбиции на

нашата дипломатија. Според мене, по приемот на Македонија во ООН можеби ова е еден од најзначајните моменти на надворешен план за Македонија и мислам дека сите метафитички дискусии што ги слушаме овде се депласирани, а ќе објаснам зошто.

Ќе се обидам малку еден глобален аспект да развијам во овој настан. Пред се, знаете пропадна поредокот од Јалта, оној поредок кој што ги институционализира односите меѓу двете сили, инаку воспоставен по втората светска војна, Се сруши Версајскиот поредок односно оној поредок со кој што беа конституирани федерациите, Чехословачката, Југословенската федерација а 5 години подоцна се руши и оној поредок на Балканот кој што го конституира Букурешкиот договор. Според тоа, навистина ова е еден историски значаен настан, ова признавање. По прв пат и историјата и геополитиката ни се наклонети , не само на нас Македонците туку на сите жители на Македонија. Ова е всушност градење на новиот поредок на Балканот во кои поредок Македонија од влог од еден геополитички влог на компетенции и на дестабилизација се претвори и преминува се повеќе во влог на стабилност. Мислам дека ние се повеќе треба да инсистираме на овој аргумент бидејќи имав прилика во многу контакти, изгледа многу малку зборуваме за стабилноста, мислам дека ова е голем аргумент кон стабилизацијата нас Балканот и на Македонија.

Од аспект на меѓународните односи признавањето на Македонија и СРЈ на Македонија овозможува сега да се сврти кон двете големи цели на нејзината надворешна политика, а тоа е целосното вклучување во НАТО и целосното вклучување во Европската Унија. Исто така инсистирам кај нашата дипломатија на овие две цели да им се даде подеднакво значење.

XI/1 ЛП/СЛ

**НАНО РУЖИН**:(продолжение)

Мислам дека тоа веќе во некои држави на Источна Европа мошне јасно се акцентира. Инаку, би сакал да истакнам еден момент на кој сите малку размислуваме, а тоа е времето во кое што се признава Македонија. И самите, и дел од опозицијата на Југославија призна дека се доцнеше со тоа признавање, меѓутоа, тоа беше краен момент според мое мислење, затоа што претстојат големите избори, претседателските избори во Русија, кои се оценети и од страна на американските аналитичари како најважните, значи за прв пат поважните претседателски избори од оние што се случуваат во Америка. Значи, прв пат овие избори во Русија, нивниот краен резултат ќе даде многу позначајни консеквенции за стабилноста на Европа и на светот, отколку тоа ќе биде случај со изборите во САД.

Ако дозволите, дури ќе ви кажам една шега што ја слуш-ав денес од нашите пријатели од НАТО. Се надевам дека нема да ја злоупотребите, како што беше случај минатиот пат. Оваа шега вели вака: Во Русија ја пронашле жива мајка му на Ленин. Меѓутоа, тоа не е најважното, вели, била бремена. Дали значи дека може да се создаде еден нов Ленин во Русија, односно ако размислуваме малку подлабоко, дали може , со оглед на геополитичките претензии на Русија и лидерски под кој што таа го има врз Балканот виа СРЈ, да влијае на надворешната политика на СРЈ, односно на нејзиниот однос кон соседите. Затоа, сметам дека ова признавање е во вистински момент и јас би сакал да и честитам на нашата дипломатија.

Од друга страна, неколку зборови за нашите пријатели Албанците. Јас имам разбирање за нивните емоции кон тешката суд- бина на нивните пријатели, сограѓани и роднини на Косово, меѓутоа, исто така и тие треба да имаат разбирање за историскиот момент на значењето на потпишувањето на оваа Спогодба, затоа што ако тргнеме од една спротивна претпоставка, ајде да не ја потпишевме спогодбата, дали тоа значи дека и натаму сакаме односите меѓу двете држави да бидат не детерминирани, дали тоа значи дека и натаму сакаме Србија, односно СР Југославија да полага некое право врз Македонија. Дали сакате да размислуваме и за една друга екстремна страна на пример , врската меѓу православието. Мислам дека меѓу две земји кои не ги регулирале односите тоа е реално во меѓународните односи. Така сметам дека доколку, ако го искажувате вистинското влијание, вистинското мислење на Албанците од 7 до 77, а јас се чудам како оние од 7 имаат толкав голем талент за меѓународни односи, мислам дека сепак треба да имаме малку смисла за она што се вика реал - политик, бидејќи сепак живееме, како што сите истакнуваме во заедничка држава, имаме заедничка судбина, заеднички треба да размислуваме, не треба честопати да претеруваме, да имаме разбирање едни за други, некогаш е можеби поелегантно да замолчиме за некои работи исто како и Македонците некогаш знаеле или не знаеле да замолчат. На пример што да кажеме за малцинствата во соседните земји, па потпишавме нешто. Сметам дека по една таква чувствителна тема треба едно взаемно разбирање и мене ми е неразбирливи заради значењето на тој маркетиншки - а сепак за мене тоа е обичен маркетинг, бидејќи искрено мислам, ама навистина искрено мислам дека оваа Спогодба сепак им одговара на Албанците кои

живеат во Македонија, бидејќи во крајна линија, суштинските вредности за животот се една социјална, една општа сигурност на народот, на населението. Ако му мислите добро на народот, ако му мислите добро на населението, мислам дека треба да се поддржи оваа Спогодба, односно да се идентификуваме сите со оваа држава, секако, без да биде запоставен идентитетот на една или друга националност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Назми Маљичи.

**НАЗМИ МАЉИЧИ:**

Почитуван претседателе, господа пратеници, да кажам две-три реченици во врска со оваа потпишана Спогодба.

Јас мислам дека потпишувањето на оваа Спогодба ја нема таа улога што ние денес ја дадовме во Собранието. Апсолутно се, можам да кажам егзебиционални изјави дека со оваа Спогодба се придонесува за воспоставување и одржување на мирот во регионот. Бидејќи таа важност ја нема Македонија, таа важност е насочена кон решавање на проблемот и статусот на Косово. Однесување со евентуални воени стандарди на нашата дипломатија, на која страна ќе се насочиме кон многу значајни прашања што се зацртани во стратегиите на европските земји и нашата земја, а која не се сврстува цврсто кон овие прашања, земјата ќе се оддалечи од една перспектива, од една поголема улога или позначајна положба да има кон западните земји. Колку што повеќе Македонија ќе се насочува кон Србија без да се реши статусот на Косово, истата ќе ја влошува позицијата пред меѓународниот фактор и нема да биде некое изненадување ако Македонија се најде и на црна листа. Во време кога

Македонија е членка на ООН , членува во Советот на Европа, во Програмата "Партнерство за мир" и во други организации кои перманентно ја следат состојбата во Србија, која е главен виновник за војната на просторите на поранешна Југославија, од кои организации се донесени и се донесуваат резолуции против кршењето на човековите права и националните права на Албанците на Косово од страна на Србија, нашето раководство потпишува Спогодба за меѓусебно признавање, по мое мислење без некое значење за иднината на земјата. Се поставува прашање дали и понатаму политичари Македонци ќе го наследуваат патот на нивните сонародници кои во поранешната Југославија играа улога на џокери на нечија друга корист. Кое нивно однесување беше кобно за Албанците не само на Косово туку и во Македонија. Јас мислам дека тие последици ги сносиме и денес Една дилема ќе остане отворена.: Зошто само при средбите со делегациите од северниот сосед во нашите делегации на нашата држава нема претставници Албанци и не е значајно да се поставува прашање при потпишувањето на оваа Спогодба, зошто воопшто не се консултирани коалициони партнери или претставници Албанци кои се на власт. Јас мислам дека оваа потпишана Спогодба со СРЈ, нашата земја не добива туку повеќе добива северниот сосед.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Бранирод Михаиловски.

**БРАНИРОД МИХАИЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, во досегашните дискусии околу ратификацијата на Спогодбата за регулирање на односите и за унапредување на соработката меѓу РМ и СРЈ беа изнесувани пред се

политички аргументи за и против прифаќање на оваа Спогодба, за во смисла на она што значи бришење на одредени последици на историјата во смисла на одредени конференции чии одлуки се реперкуираат врз македонскиот народ и врз постојната Македонија во смисла на премавнување на одлуките на конференцијата во Букурешт, она што значење последици после Првата светска војна, Версајскиот договор и Јалтската конференција и против прифаќањето на оваа Спогодба, пред се, со аргументите на состојбите , ситуацијата и статусот на Косово во СРЈ.

Јас би се задржал на еден друг аспект на Спогодбата, имено, на нормативниот аспект и тој нормативен аспект на некој начин ми дава за право при изјаснувањето за прифаќање, односно, за ратификување на оваа Спогодба да се изјаснам за нејзино ратификување, односно нејзино прифаќање.

Тргнувајќи од тие нормативни аргументи, можам да кажам дека оваа Спогодба ги има содржано сите меѓународни стандарди на еден ваков меѓународен документ, во смисла на постоење на преамбуларен, нормативен и завршен документ и посебно она што значи вградување на меѓународните принципи и меѓународните норми, вградени во Повелбата на 00Н, Завршниот акт од Хелсинки и Парис- ката повелба, принципи кои се и тука таксативно наброени во преамбуларниот дел на оваа Спогодба.

Во Завршниот акт на Хелсинки па и во Повелбата на 00Н, во Повелбата сигурно многу пократко и многу поконцизно, во Завршниот акт од Хелсинки далеку поразработено, се дадени одре- дени принципи на соработка на државите и народите во светот.

Имено, во Завршниот документ од Хелсинки во Декларацијата за принципите од кои државите учеснички ќе се раководат во своите меѓусебни односи со наброени таксативно тие принципи и мислам дека сите тие принципи се вградени во оваа Спогодба. Кои се тие принципи само би ги набројал, а низ член 1 и член 2, а понатаму исто така низ членовите 5,6,7,8,9 и 10 се наброени и останатите принципи вградени во Завршниот акт од Хелсинки. Имено, во оваа Декларација, тоа е првиот дел од Завршниот акт од Хелсинки, се вели дека тие принципи од кои ќе се раководат државите во меѓусебните односи се:1. Суверената еднаквост, 2. Воздржуваше од употреба на сила и 3. Неповредливоста на границите, 4. Територијалниот интегритет, 5. Мирното решавање на споровите, 6. Немешање во внатрешните работи на државите, 7. Почитување на човековите права и 8. Совесно исполнување на обврските по меѓународното право.

Овие принципи од Завршниот документ, а во исто време реков и принципите од Повелбата на ООН, кој е далеку постар документ од Завршниот акт од Хелсинки, се вградени и во член 1 и во член 2.

Понатаму во вториот дел од Завршниот акт од Хелсинки се зборува за прашања кои се однесуваат на некои од понапред наведените принципи и во втората точка се зборува за соработката меѓу државите, имено, за соработката во областа на стопанството, науката, техниката, човековата околина инт., сето тоа се принципи кои се вградени во овој акт, имено, во членовите 5, каде што се зборува за правата на припадниците на националните малцинства, во членот 6 каде што се зборува за унапредување на патниот, железничкиот, воздушниот сообраќај, поштенскиот, телефонскиот и телекомуникационите врски, во членот 7 каде што се зборува за интензивирање на економските и

комерцијалните врски, при што се предвидува и потпишување на спогодба за економска соработка и трговија, во членот 8 каде што се зборува за зачувување на човековата околина и посебно за елиминирање на сите видови прекугранични загадувања, унапредување на соработката во областа на здравството и спречување на животинските и растителни зарази, понатаму во членот 9 каде што се зборува за заштитата и одржување на објектите на културното наследство, културните односи и унапредување на соработката во областа на спортот и во член 10 каде што се зборува за унапредување на научната и техничката соработка.

Тоа се овие принципи кои на некој начин низ Спогодбата се регулираат односно се вградуваат и кои во основа ќе претставуваат принципи за нивно натамошно надоградување и регулирање низ одделни меѓународни документи, кои секако во наредниот период меѓу овие две држави ќе се потпишуваат, односно ќе се ратификуваат. Секако дека во оние политички аргументи за, односно против беше прашањето на Косово. Овде мислам дека и со член 5 се дава простор за регулирање на тие односи, а секако дека и точката 6 од Декларацијата за принципите со кои државите учеснички ќе се раководат со своите меѓусебни односи, тоа е немешањето во внатрешните работи, не дозволува поставување на такви прашања и такви условувања при регулирање и нормализирање на односи меѓу две соседни држави. Ние сметаме дека прашањето на Косово е прашање на Југославија, а прашањето - и вели, веројатно по принципите по кои и ние пристапуваме кон решавање на меѓунационалните односи овде кај нас во Македонија, дека на сличен

принцип и тие принципи односно тие прашања би се регулирале во СРЈ. Така што тоа прашање, прашањето на Косово не би требало да претставува услов, ниту пак пречка за потпишување, односно ратификување на една ваква Спогодба со која и последното прашање или последниот проблем во меѓусебното регулирање на односите со соседните држави би го регулирале.

Исто така, во дискусиите беше речено дека ете прашањето на границите со оваа Спогодба не се решава. Во меѓународното право е познато дека прашањето на границите меѓу две соседни држави се решава во три фази. Едната фаза веќе е помината, односно денес со ратификацијата на оваа Спогодба би поминало, тоа е усвојување на меѓународен акт, меѓународен договор, односно меѓународна спогодба, она што е предмет на денешната дискусија. Втората фаза е веќе регулирана во членот 2 став 2 со формирање на Комисија која ќе потпише, односно ќе предложи меѓународен договор за меѓусебно разграничување, тоа е таа трета фаза и мислам дека и тоа прашање кое со оваа Спогодба не се регулира во најскоро време со понудување пред овој Парламент на таков меѓународен договор и тоа прашање, прашањето на меѓусебното разграничување ќе го симнеме од дневен ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ване Наумоски.

XII/1/СП/лј

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги.

Обично сум краток и овој пат во ист стил ќе дискутирам.

Сакам само неколку реченици да кажам во врска со оваа Спогодба едноставно ќе почнам со реченицата дека Македонија во X1X-ве беше земја која беше делена, во XX-от век земја која е призната од повеќе земји од светот. На што се должи ова признание? Пред се, морам да го спомнам претседателот на државата кој досега не знам некој во дискусијата да го спомна како креатор на оваа политика и пред се министрите и досегашната Влада и претходниот состав кој во секој случај ја реализираа таа политика која доведе до овој резултат односно пот- пишување на оваа спогодба со СР Југославија.

Втора работа е меѓународниот фактор кој овде беше спомнат Бадинтер, Европската комисија и во секој случај Дејтонскиот договор. Многу малку се задржавме на економскиот аспект тоа е членот 6 и понатаму од оваа спогодба кој во секој случај отвора широко поле односно продолжување на натамошната соработка со СР Југославија на сите сфера на живеењето дали на економски, културен, спортски и било кој план. Не треба да си голем политичар во секој случај за да оваа спогодба се поддржи.

На крајот неизбежна тема која провејуваше цело време тоа е Косово своја контроверзна, своја дилема со свои проблеми, Косово од 80-тите, Косово од 90-тите години во секој случај, но на мислење сум дека сепак има сили и во тој дел на СР Југославија демократски сили, да најдат разбирање и заеднички јазик и со актуелната власт за надминување на проблемите кои провејуваат таму.

Ќе завршам со реченицата Македонија е земја ова парче што го имаме во секој случај е тука не можеме да го пренесеме било каде ние

секогаш ќе живееме со тие што се и Србија и Албанија и Бугарија и Грција.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг се јавува за збор?

Г-динот Сали Рамадани.

Се извинувам г-дине Рамадани дали уште некој се јавува за дискусија? (Не) за да можеме да ја димензираме работата. Повелете г-гдине Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денеска пред нас се наоѓа уште една спогодба за ратификации и тоа една од најпроблематичните и најдискутабилните спогодби кои до-сега се ратификувани во овој парламент.

Меѓународните договори врз меѓународните национални правни норми и меѓународното јавно право се случуваат меѓу легитимни правни субјекти т.е. меѓу познати и признати држави, а не меѓу една само проклмирана, фиктивна, непостоечка, окупаторска, агресорска, терористичка и осудена држава и во осудување итн., од една страна и една со такво непознато скромно и понижувачка име во меѓународната јавност од друга страна.

Де јуре со самото тоа правно и дефакто се признава може би несвесно дека оваа спогодба е импонирана, наметната, под притисок и фиктивна кога вели ги немаше регулирано меѓусебните односи. Се поставува прашањето кој се оние две држави кои треба да ги нормализираат и регулираат билатералните односи.

Второ кои се оние две земји кои ќе ги промовираат добрите односи меѓу граѓаните и народите.

Трето, кои се оние држави односно земји кои меѓусебно ќе се признаваат и воспоставуваат дипломатски односи.

Четврто, како сето тоа наводно треба да се остварува врз основа на принципите на повелбата на ОН, завршниот акт од Хелсинки и Парискага повелба. Правиот, правниот, политичкиот и научниот одговор сам по себе е многу јасен и недискутабилен одговорот..

Прво, нормализирањето и регулирањето на билатералните односи се врши со признат а не со самопрокламиран меѓународен субјект.

Второ, со ништо не е докажано и наведено дека односите меѓу граѓаните и народите се влошени, па сега треба да се промовираат и воспоставуваат.

Трето, две држави за да се признаат и воспостават дипломатски односи треба да се и дефакто и де јуре држави, а не едната фиктивна креатура, вештачка, а другата со понижувачко наметнато меѓународно познато име како Бивша Југословенска Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ве молам, господине Рамадани барем на вашата татковина употребувајте го Уставното име.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Да ви прочитам уште еден пасус, ако треба да ви кажам. Како е познато во меѓународната јавност, а јас имам свое мислење. Извинете

Во Повелбата на ОН во завршниот акт од Хелсинки и во Парискага повелба принципите важат за меѓународни правни субјекти кои постојат и кои ги остваруваат истите принципи, а не да ги прекршуваат и на бескрупулозен начин.

Предлагачот паѓа во една апсурдна контрадикција дека по распаѓањето на поранешната СФРЈ Република Македонија дејствувајќи како самостојна и суверена држава призната е и воспостави дипломатски односи со голем број на странски држави и меѓународни организации вклучувајќи ги и нејзините соседи освен со СР Југославија. Тука се

поставува прашањето зошто освен со СР Југославија? Што е тоа? Дали тука има нешто? Ако има зошто не се објаснува? За сега без коментар одговорот е јасен. А дека Спогодбата ќе претставува огромен придонес кон стабилизирањето на вкупните состојби во регионот, тоа ќе го покаже и докаже времето. Наводното меѓусебно почитуваше на државниот континуитет е без условна и ретроградна капитулација на Република Македонија пред измамувањето и притисокот на посилниот легитимирање на неколку децениско ропство од 1918 до 1944 година односно до 1991 година. Додека во евентуалното остварување на најмалку 10 милијарди долари на име на сукцесијата потоа евентуалното почитување на суверенитетот, територијалниот интегритет и политичката независност на нашава Република исто така се остава на времето.

Дека оваа Спогодба е импонирана со измама и притисок зборува сам по себе членот 4 став 1. Паѓајќи од фактот дека Србија и Црна Гора постоеја како независни држави пред создавањето на Југославија а имајќи го предвид фактот дека Југославија го продолжи меѓународниот правен субјективитет на овие држави, Република Македонија го почитува континуитетот на СР Југославија. Јасно е и тоа дека Република Македонија му го признава континуитетот на овој начин на креатурата СР Југославија само не. е јасно дали се признва под Видовденскиот устав и диктатурата на Краљевина Југославија од 1929 година или пак од Версајскиот мир и основањето на државата на Србите, Хрватите и Словенците од 1918 година, а може би од Берлинскиот конгрес односно Свети Стефанскиот мир од 1878 година или од автономната Србија од 1830 година кога стана од окупирана во вазалска турска земја и не само тоа.

Со овој перфиден акт де јуре се признава и легитимното поробувачко право на оваа креатура и над Република Македонија и пред и после АВНОЈ 1943 година во Јајце на камуфлиран начин и до осамостојувањето на Република Македонија од 8 септември 1991 година

XII/5.-

со индиции, индикации и предиспозиции дека за секој случај тоа може да се повторува во било кое време значи со прикриени територијални претензии спрема Република Македонија.

Додека во ставот 2 од истиот член 4 се наметнува понижувањето на Република Македонија дека од АСНОМ реши да се организира како држава, но и да се здружи во Југословенската федерација односно на референдумот од 1991 година како суверена и независна држава и навод] ценејќи го фактот дека тоа е направено на мирен начин, СР Југославија го почитува државниот континуитет на Република Македонија. Тоа е обид на фарса, тоа не го убедува никого.

Прво, за да се здружи во Југословенската федерација народи на Република Македонија не ги праша никој, туку тоа е направено под комунистички диктат на Белград и Тито, а со потписите на предавниците на виталните интереси на народите и граѓаните на Република Македонија затоа што нивното војување имаше сосема други цели.

Второ, кога веќе Република Македонија го почитува државниот континуитет на не постоечката СР Југославија од околу еден век а со тоа и легализирањето на ретрограден начин на ропството и историското хипотекарско право над Република Македонија, зошто од друга страна не се почитува државниот континуитет на Република Македонија од Славната и херојската крушевска Република од 3 до 13 јули 1903 го- дина и да се извинува СР Југославија за поделбата на Македонија од 1913 година на Конференцијата на амбасадорите во Лондон се до осамостојувањето на Македонија во 1991 година. Затоа, оваа Спогодба нема никаква валидност не само за Албанците, Турците, Ромите, Власите, Бошњаците, па и Србите, туку и за самите почитувани македонци во Република Македонија и вон нашата земја. Ова може да важи само за потпишаниот и за неговата илегална Влада, а не и за Република Македонија во чие име апсурдно го стави погрешно потписот додека предавство некому му е за аир.

XII/6.-

Понатаму, иако поедини претставници на илегалната влада, а посебно сите досегашни претседавачи на Собраниските седници реагира околу наводно употребата на неуставна терминологија точно во членот 5 на оваа наводна спогодба на апсурден и антиуставен начин на место националности се употребува националните малцинства што е навредливо посебно за милионските албанци.

Оваа таканаречена спогодба не придонесува за воспоставување и одржување на мирот и безбедноста во регионот. Оваа наметната спогодба нема никаква врска со принципите на Повелбата на ОН, завршниот акт од Хелсинки и Парискатa повелба. Ова импонирање не им служи на добрите односи меѓу граѓаните и народите. Ова потценување не придонесува за регулирање на ничии меѓусебни односи затоа што,

Прво, било колку заеднички дипломатско експертски комисии да се формираат,било колку предлози на меѓународни договори да се под-готват протегањето на заедничката државна граница и нејзиното цртање на географските карти никогаш, нагласувам никогаш не може да се реализира и разрешува правилно вклучувајќи го и враќањето на легалното право на историскиот манастир Прохор Пчински во кој беше одржан АСНОМ на 2 август 1944 година. Наместо да беше предуслов прашањето за побарувања по основ на сукцесијата на Поранешна СФРЈ односно враќање на најмалку 10 милијарди долари на Република Македонија е одложено да се решава спогодбено, а тоа значи правилно никогаш.

Трето,илегалното потпишување и евентуалната ратификација на оваа таканаречена спогодба од страна на Собранието на Република Македонија не само што нема да придонесе за воспоставување и одржување на мирот и безбедноста во регионот, туку напротив на жал ќе може да придонесе постепено за дестабилизирање на целиот Балкан, а и пошироко од тоа.

XII/7.-

Цела Македонија а и поголемиот дел на Балканот вклучувајќи ги Албанците, а и јас посебно, посебно по рушењето на Берлинскиот ѕид сме се определиле за мирно разрешување на сите наследени и современи проблеми вклучувајќи ги и најкардиналните.

Четврто, најважното иако државните членки на Европската унија со определени цели методолошки и стратешки почнаа да тактизираат на многу вешт или погрешен начин што е дискутабилно прашање на време. Сите оние начело со САД го знаат и го имаат изјавено безброј пати дека без правилно, долгорочно и конечно разрешување на косовскиот проблем и на прашањата на албанците воопшто не може да има стабилност на Балканот. Ова што се наметнува од Европа без Америка со оваа безначајна и табулараза спогодба е само една мала проба мерење на пулсот и како претходно минианкетирање како експеримент како ќе згрешат едните и како ќе реагираат другите за да се подготви превентива на големите сили.

Петто, инаку како ќе се интерпретира фијаското и капитулантскиот чин на илегалната дипломатија наводно на Република Македонија со потпишувањето не само на понижувачкиот акт, туку и безвалидност и во свое лично име. За оваа кардинална грешка не е консултиран ни макдонскиот народ, а да не зборуваме за албанците и другите кои живеат во Република Македонија. Во составот на делегацијата за прелиминарни разговори немаше ни еден член ни од редовите на илегалните претставници наводно на албанците.

Шесто, вештачката креатура СРЈ можеше од нејзини причини да ја признае Република Македонија со еднostран акт, но не и обратно како да се признае една таква креатура која врши толку злочини и геноцид над невините народи и граѓани во Босна и Хердеговина и цела Бивша Титова Југославија. Како да се признае како сепарат кој во најскоро време ќе се

XII/8.-

најде и поединечно и комплетно пред Хашкиот суд на правдата. Како да се признава таков сурогат кој држи под окупација и Црна Гора, Војводина и Санџак со нивните несрпски народи кои било на кој начин е само прашање на време кога ќе се ослободат и осамостојат може би по пат и на среќа на Република Македонија.

На крајот, како да се признае една вадачка и самопрокламирана држава која со сила, терор, и извршување на геноцид држи со години под невидена окупација цела една "Република Косово" во која се гласаше на референдум за независност и суверенитет исто така како и во Република Македонија и прашање е на време кога и како ќе се ослободи. Меѓусебното и евентуално признавање ќе доведе до пошироки реагирања. Македонија претставува голем интерес за сите непосредни соседи, но и за Романија, Турција, Италија и други како и за меѓународниот фактор. Сега се објавија доказите дека Милошевиќ и предложил на Грција план за уште една поделба на Република Македонија, само да ги поттикне Албанците на реагирање за да тоа му служи како претек за надворешна интервенција. Меѓутоа, со таков чуден предлог не се согласил Бившиот Грчки премиер Мицотакис. Но, и сегашниот министер за надворешни работи на Грција изјавил дека ова признавање не придонесува за стабилноста и унапредувањето на односите на земјите во регионот. На тоа треба да се додаде познатата историска вистина дека заради Македонија се водеа двете балкански војни. Сега, дали ќе биде мир или војна на Балканот во прв ред зависи од Собранието на РМ. Затоа што несвесно,потсвесно или свесно војната ја поттикнува перманентно токму оваа камуфлирана спогодба што ќе нанесе најголема штета токму на РМ. Значи, на сите нас,за жал,првите искри и првите знаци овие де- нови се појавија и тоа само неколку десетина км далеку од Скопје. Агресорот не прашува за спогодби и многу лесно и полошо може да се поворува сериозниот граничен инцидент како оној во јуни 1994 година во населбата Чупино Брдо.

**САЛИ РАМАДАНИ**: (продолжение)

Додека некој потпишува некаква спогодба, кнезот Никола И Петровиќ Његош, како и неколку црногорски лидери и безброј граѓани и јавуваат: "Црна Гора секогаш ја гледам како самостојна. Не можам да ја претставувам никако поинаку. Имајќи ја предвид нејзината досегашна историја самостојноста на Црна Гора постои. Сега, само преостанува еден тежок проблем, релацијата Србија- Црна Гора".

Како може наводно еден министер кој се обидува да ја води дипломатијата на РМ, како што е Љубомир Фрчковски да изјави дека ставот, членот 4 од оваа спогодба е во согласност со Заклучоците на Бадинетровата комисија, па дури и со општото мнение на меѓународната јавност кога, во овој случај без преседан, се работи за спротивното

Како може истиот да изјави дека текстот на Спогодбата е максимумот што македонската страна може да го добие врз основа на постоечките факти кога РМ нема со тоа добиено ништо, туку спротивно, изгубила се. Зошто манипулира и со Постојаниот комитет на ОБСЕ во Виена, наводно дека немало ниту една делегација која не ја поздрави-а спогодбата. Фрчковски, предвидува априори, дека прашањето на сукцесијата ќе биде коректно решено. Додека, за граничните линии исто така ветува сама Манастирот"Прохор Пчински" и АСНОМ во него не го спомнува.

И, крајната, најекстремна капитулација на неговата дипломатија е Косово. Бидејќи, еден таков деликатен меѓународен проблем го наместува во рамките на човековите права и дека овој проблем ќе се разрешува со некоја форма на автономија во рамките на онаа држава т.е. СР Југославија, со внатрешна спогодба. И, дека Македонија не може да води сметка за интересите на другите страни. Без коментар, господа.

Сето тоа зборува во контекстот само по себе и секое коментирање би било не само непотребно, туку и навредливо што не е во согласност со моето достоинство и со мојата етика.

Затоа, во името на мирот, правдата и вистината, а против војната неправдата и невистината предлагам оваа понижувачка и невалидна спогодба Собранието на РМ не ја прифати.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор министерот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Господин претседателе, почитувани пратеници, Пред вас е Законот за ратификација на спогодбата за регулирање на овие базични односи помеѓу РМ и СР Југославија. Спогодба која, една од ретките спогодби во кои сме партициенти а доживеа исклучителна меѓународна поддршка. Исчекување да биде донесена, дури и пред нејзиното формално потпишување. Спогодба, на која Европската заедница односно земјите на Европската унија укажаа навистина принципиелно опстојување зад поддршката на, исто така, принципелната политика, надворешна политика на РМ околу регулирање на односите со своите соседи, на принципите на меѓународното право и добрососедство.

Спогодбата, во својата основа ги реализира, условно да ги наречам, националните интереси на РМ и на нејзините граѓани. Тие се состоеја во, пред се, признавање на континуитетот на РМ, политичко-правниот континуитет кој се однесува на бившата Југославија.

Второ, регулирање на прашањето на сукцесијата, на начин на кој ќе ги земе во обѕир дека минатата федерација се распаднала, не постои единствен носител на политичко - правниот континуитет, што значи дека од распадот на таа држава пет држави се еднакво правни наследници во сите сфери на нејзиниот континуитет во меѓународното право.

Трето, што, исто така за нас е важно, оваа спогодба, меѓусебното признавање и воспоставување на дипломатски односи е направено под нашето Уставно име, што значи уште еден чекор во борба за зборување на нашето уставно име во неговата комплетна меѓународно- правна употреба.

Од друга страна, Спогодбата, освен овие три елементи, ги отвора, повеќе ги поставува на основни темели односите со соседната СР Југославија во сите други области. Почнувајќи од прашањето на исцртување на граничната линија, тоа е прашање што секогаш еднаш или прв пат се случува меѓу независни држави и тука нема никаков спор околу меѓународната граница. Меѓутоа, еднаш треба да се направи чекорот кон нејзиното прецизно демаркираше и исцртување во картите, за што е предвидена стандардна процедура. Во таа точка Спогодбата е едноставно чиста.

Прашањето на сукцесијата, што е фактички последниот став на членот 4 , ја поставува расправата зад сукцесијата на начин таа да се решава спогодбено. Единствено што во оваа формулација на решавање е исклучено тоа е неспогодбеното решавање на сукцесијата и ништо друго. Сите други облици на постигнување на заедничка волја мултилатерални и билатерални, со размена на ноти што е форма и на мултиратералните и билатералните решавања се останати отворени, се останати во игра. Бидејќи тече мултилатерална расправа за прашањето на сукцесијата во која ние учествуваме од самиот почеток на единство принципиелен начин и за што е доказ продолжената одржана седница на земјите што имаат заеднички интерес по ова прашање во Скопје. Ова зборува дека тоа прашање, односно ние ќе продолжиме да учествуваме и да го разрешуваме на начин на кој што досега сме учествувале и околу оваа точка, бидејќи дел од Спогодбата, односно целата Спогодба вака

како што беше формулирана на некој начин беше циркулирана на пријателските земји околу нивни консултации и, секако, на земји кои произлегоа од бивша Југославија со кои имаме заеднички интерес и по ова прашање. Никаде немаше спор за значењето на оваа одредба. Секако, оваа одредба тука стои затоа што беше прифатено од двете страни, затоа што успеавме нашиот предлог да биде прифатен од двете страни. Овие спогодби не е доволно да бидат идеални односно да бидат идеални по погледите на една страна , можат да не бидат потпишани, можат да останат во шкаф. Со тоа ништо не сме направиле. На некој начин тие функционираат тогаш кога ќе бидат потпишани и кога ќе ги гарантираат интересите или ќе успеат да бидат во нив содржани интересите, во овој случај, на РМ. Тогаш таа спогодба е успешна и таа е таква со нејзина целина. Не со еден дел од одредбите, а не со другиот дел од одредбите. Тука нема поделба меѓу одредбите.

Во поддршката на, со оваа Спогодба, разрешеното практично последно отворено прашање, точно е дека зад таа поддршка стои мислењето дека оваков вид на спогодба едноставно не може да има негативен одраз на некој од соседите или на регионот во целина. Неговата основ на идеја, поставките, одредбите од првата до последната се целосно на линија на оној дел од меѓународното право кое е најдиректно на линија на подобрување на стабилизирање, на стандардизирање на односи те меѓу државите во светот, не само во Европа. Од таму, можеби единствено вакво остро спротивставување на Спогодбата слушнавме, за жал, овде.

Во секој случај, мислам дека поаѓајќи од интересите на оваа држава на нејзините граѓани, оваа Спогодба е спогодба на право место, која решава не само историски и актуелни, уште повеќе прашања во овој регион на билатерален план меѓу РМ и СРЈ, меѓутоа и во стабилноста на овој регион. Таа, едноставно, не може да биде против интересите на ниту

еден дел од граѓаните на РМ, ниту дел од граѓаните или граѓанството на некоја соседна држава.

Секако, до колку се поставите од аспект на инструментализирана позиција, некаков друг интерес, надвор од РМ, тогаш заклучоците можат да бидат сосема различни. Меѓутоа не верувам дека има политичка партија во РМ и политичка сила која, пред се, не ги поставува интересите на граѓаните на РМ во прв план. По сите реакции околу Спогодбата, по нејзиното читање на крајот на краиштата директно и по ова темпо со кое почнавме на некој начин да ја реализираме, еден од клучните чинови е оваа ратификација во Парламентот, покажува дека та може да биде само поттик за стабилност, поттик за соработка.

Секако, таа, истовремено е лишување од илузиите присутни во овој регион за поинакви решавања на националните прашања. Значи дефинирање на политичките граници и мапа во овој регион, тоа сигурно да. Меѓутоа, господа пратеници, не треба да се убедуваме дека политичките опции што застапуваат промена на политичките граници, промена на политичките мапи онакви какви што сега ги имаме, доживеаја фијаско токму во овој простор на бивша Југославија. Не знам дали дополнителни аргументи за погрешното водење на таа дирекција, на таа политика можат да бидат додадени од оваа говорница дополнително.

Поразот е, на крајот на краиштата, на тој вид на политичка програма, обид за решавање на состојбите во регионот е секако и овој тренд на разрешување на базичните прашања меѓу државите во регионот на начин кој е стандарден во меѓународното право, а тоа се спогодби билатерални и мултилатерални спогодби за разрешавање на односите.

Оттаму македонската дипломатија и надворешна политика може да ги штити интересите, пред се , на македонската држава, на РМ. Таа не може и не може од неа да се бара да се претвори во инструмент во нечија друга политика. Тоа таа никогаш не може да го прави.

Оттаму, националните интереси на РМ и граѓаните на РМ се прв приоритет на таа надворешна политика, секако во рамките на некои меѓународни стандарди и меѓународни правила во кои таа се води.

Оттаму, сметам дека Спогодбата, во секој случај, е еден голем исчекор во нашите билатерални односи со СР Југославија и исто така голем исчекор во дефинитивното стабилизирање на политичките односи во овој дел од Балканот. Со таа намера ве замолувам да гласате за Законот за ратификација.

Благодарам

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали можам да констатирам дека никој друг не се јавува за збор? (да)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за регулираше на односите и за унапредување на соработката меѓу РМ и СР Југославија.

Кој е за, молам да крене рака? (76 пратеници)

Дали има некој против? (10 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (76 пратеници)

Дали има некој против? (11 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Сали Рамадани, Рами Туда, Хисни Шакири, Зекир Кадриу и Руфи Османи поднесоа амандман на член 1 на кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот поднесен од пратениците Сали Рамадани, Рами Туда, Хисни Шакири, Зекир Кадриу и Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Фрчковски има збор.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Во врска со овој амандман не би додал ништо туку тоа што е напишано тука и во самото образложение.

Само во прилог на моето образложение и наше заедничко доставувам и приложувам истовремено како пошироко образложение целата моја дискусија и дискусиите на моите колеги пратеници од мојата пратеничка група на Партијата за демократски просперитет на албанците и на Народната демократска партија. Ние сносиме заеднички тука историска одговорност за цела Македонија па гласајте онака како сакате вие кои имате мнозинство во овој Парламент. Само, немојте игри.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (11 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член поднесен од пратениците Сали Рамадани, Рами Туда, Хисни Шакири, Зекир Кадриу и Руфи Османи.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (75 пратеници)

Дали има некој против? (11 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за регулирање на односите и за унапредување на соработката меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија

Јас прекинувам седницата, а продолжуваме утре во 10,00 часот

( Седницата прекина со работа во 18,25 часот.)